**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од 1 продолжение на 66-та седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 30.01.2001 г.**

Седницата се одржа во зградата на Собранието на Република Македонија сала 1, со почеток во 15,00 часот.

Со продолжението на седницата претседаваше г-динот Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа со 66-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Радмила Шеќеринска, Замир Дика и Насер Зибери ме известија дека од оправдани причини не се во можност, да присуствуваат на седницата.

Ве молам, службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

На седницата присуствуваат 77 пратеника.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

г-динот Чедомир Краљевски, бара збор процедурално.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван премиере, почитувани членови на Влада, колеги.

Со оглед на важноста на точката 5 - Предлог на буџетот на Република Македонија од името на Комисијата за избори и именувања предлагам да се помине директно на расправа по точката 5., а точката каде што застанавме да се одложи по истекот на расправата по точката 5.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали се согласувате со предлогот? (Се согласуваат).

За збор се јави г-динот Положани.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Според тоа како што беше напишано во телеграмите, дека во првиот дел ќе биде поставување на пратенички прашања, па ако се остане на тој предлог јас останувам на работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас така замислував и такво барање поставив, меѓутоа, има нови амандмани на буџетот, Владата продолжи да работи и имаме замолница од Владата пратеничките прашања да ги оставиме после Буџетот.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Јас во една прилика предложив пратеничките прашања да се однесуваат на членови од Владата кои се присутни. Јас имам направено таков концепт, имам три прашања за кои мислам дека можат присутните членови од Владата да одговорат, или пак да примаат обврска да одговорат по писмен пат. Тоа се прашања, од таков карактер, за кои мислам дека не би требало да се одложат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Претседателот на Владата е тука, можеме да почекаме г-динот Положани да ги постави прашањата а другите членови на Влада ќе дојдат и можеме да продолжиме со прашањата.

Може ли така да работиме.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Може.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро.

Минуваме на пратенички прашања, еве е 15 часот, 45 минути опозицијата може да поставува прашања и 15 минути пратениците од мнозинството.

Молам. Процедурално.

Извинете господине Положани.

Господине Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Влада и господа пратеници.

Добро е тоа што ете на дневен ред дојдоа пратеничките прашања. Меѓутоа тука во Собрание има и такви пратеници кои поставиле пратенички прашања, а добиле одговор од Владата, па можеби не се задоволни од одговорот што го добиле од страна на Владата. Односно од соодветното министерство, било од кое министерство. Затоа, дали ќе им дадеме простор и на тие пратеници кои поставиле прашања, добиле одговор од адекватното министерство и не се задоволни дали ќе може да се појават пак да комуницираат со министерот на тој ресор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам првата наредна седница кога ќе имаме пратенички прашања, ќе имаме најмалку еднаш месечно, да постапиме токму така еден час, па потоа пак

прашања, значи уште еден час. Се согласувате.

(Се согласуваме).

Молам да продолжуваме.

Господинот Положани има збор.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Благодарам. Дами и господа пратеници, господине премиер, јас ќе ја искористам приликата да ви се обраќам вам, со надеж дека ќе наидам на правиот одговор на прашањата, што сум го покренал. Имено, првите две се однесуваат до целата Влада а третата се однесува до Министерството за земјоделие, заменикот министер мислам дека е тука за да одговори.

"Македонија како демократска земја е член на Сојузот на Европа и нормално дека оттаму таа одвреме-навреме добива разни резолуции и препораки за кои што е врзана во одредено време да ги исполнува. Една од тие резолуции и конвенции е и конвенцијата за протоколот пред 12, од Конвенцијата за заштита на човековите права за елементарните слободи потпишана на 4.11.2000 година, и другата е уште порано потпишана рамковната конвенција за регионални малцински јазици, кое е потпишано на 25.07.1996 година. Со оглед дека меѓународните конвенции се инструмент за помагање на земјите за изнаоѓање на поадекватни решенија за можните несогласувања и проблеми во земјите мислам дека и понатамошното одлагање на ратификацијата на овие две конвенции отишле во смер на подобрувањето на меѓуетничките односи во Република Македонија во институционален, најинституционален пат. Па затоа, бидејќи истите беа предмет на разгледување и на последната сесија на Советот на Европа, каде во темата за принципиелната политика кон малцинствата во државите членки на Советот на Европа се разговараше и за овој проблем, и се констатира дека и се побара од земјите потписнички кои не ги ратификувале овие документи да ги потпишат, едно, второ, сега во април ќе се прават, т.е. ќе се навршат една година од симнувањето на мониторингот од страна на Советот на Европа кон Република Македонија, каде што една од главните обврски е преземена ратификација на рамковната конвенција за регионални и малцински јазици, и поради тоа што во новиот документ се предлага да се обезбеди и комисионер од страна на Советот на Европа кој ќе ги разгледува ратификацијата и имплементациите на дотичните поедини конвенции во земјите членки, како член на овој парламент и како човек и како пратеник кој што таму присуствував и често сум во состојба да дебатирам за овие активности сакам да ве прашам кога Македонија ќе ја ратификува рамковната конвенција за регионални малцински јазици, и кога Македонија ќе го ратификува протоколот 12 од конвенцијата за заштита на човекови права и базични слободи.

Коментар на ова второто за јавноста протоколот 12.- предвидува да и правата на националностите, се третираат како основни човекови права, кое што неспроведување може да бидат предмет на судот на човекови права во Стразбург.

Ова е првото прашање.

Второто прашање Ви се обраќам вам господине премиере за тоа што такво прашање беше тука поставено и порано, и јас имав прилика одговорот на тоа прашање да го читам, и воопшто не бев задоволен затоа што не беше во функција на решавањето на прашањето во што се подигаше тој проблем.

Имено, во Струга, а како што знам и во другите градови, нашите вработени, привремено така ќе кажам, ќе истакнам во странство, немаат можност да добијат лична карта. Јас не прашувам кога тоа ќе биде. Затоа што мислам дека давање на изверификациона карта на секој граѓанин на Македонија, е основно човеково право, а давање од страна на Владата или од страна на органите на исфрлување на тоа право е обврска за Министерството за внатрешни работи. Бидејќи тоа предизвикува огромни незадоволства, реакции и кон нас пратениците, затоа што се работи за многу практични работи каде што човек, кој што имал лична карта со рок до денес, утре веќе тој не може да ја регистрира својата кола, ако е млад не може ни да се венча, заради тоа што му се бара лична карта, јас мислам дека една држава како што е Македонија претендира на демократските вредности не би требало да се дозволи тоа да се направи, затоа што тие се наши граѓани кои што со својата работа огромно придонесуваат во вакви кризни состојби со своите средства да дадат придонес кон развојот на оваа земја, а ние веќе сме почнале да ги третираме нив како страни државјани. Значи тие не се веќе привремено вработени наши граѓани, него да кажеме дека се привремено наши граѓани, а редовни се некаде на друго место. Сосема и логична, и рационална ваквиот пристап, иако во одговорот што јас го прочитав кога еден пратеник тоа го потегна, одговорот

беше цел опис на Законот за државјанство, цел опис на Законот за лични карти, што е мислам дека нонсенс.

Јас сакам кратко прашањето гласи кон премиерот.

"Дали од утре, задутре, господине премиер, граѓаните кои се привремено вработени во странство можат да си земат лични карти во своите места. Не прашувам зошто е тоа така, зошто тоа мислам дека нема потреба од такво прашање. Дали тие по една недела, или утре задутре можат како граѓани на оваа земја да се обраќаат во министерствата регионални и да си ја подигнат својата лична карта која како елементарно право им припаѓа.

Третото прашање господине претседателе на Собранието, се однесува до Министерството за земјоделие, а е врзана и со конвенциите и препораките кои што се обраќаат до нашата земја преку Советот на министри, мислам на членките на Советот на Европа.

Имено, пред некој ден, вчера или завчера, поточно, Комисијата на Европската унија, донесе одлука за забрана на ранење на животни со антибиотици. Тоа поради тоа што огромен дел на фармерите користеа антибиотици како поттик на растење на животните. Значи за поголема килажа од една страна, и од друга страна како превенција. Пред 5-6 месеци истата резолуција е усвоена и од Советот на Европа каде што се бара од земјите членки да не користат антибиотици во исхраната на животните. Тоа го поврзувам со последните случувања на нашата држава со реакциите на пелицилин, затоа што таквото продолжување на таквото ранење на животни за цел и превентива и поголем раст може да предизвикува од една страна затоа што тоа се внесува и кај човечкиот организам преку исхраната, може да се користи за таканаречената резистенција на тие антибиотици, и да тие антибиотици не можат веќе и кај луѓето да се искористат затоа што полека пополека во мали дози тие ја даваат и ја создаваат таа можност, лекарите тоа го знаат, и од друга страна, тоа може да биде причина за алергиски реакции и кај луѓето после користењето на таква храна која што им е дадено на одредени животни. Па затоа врз основа на таа научно базирана аргументација мислам дека со право и советот на Европа а и министрите и Комисијата, вчера завчера одлучиле да таа работа не се прави. Па затоа, обрнувам внимание на министерот за земјоделие, а посебно на Дирекцијата за ветерина, да го имаат во предвид овој проблем.

А прашањето гласи:

"Што прави и колку може да придонесе Министерството за земјоделие, да ја сочува нашата стока од одредени заразни болести во нашата Република. И тоа сакам со овие информации, кои вакцини се предвидени да се даваат врз база на програма на Министерството и тие не се плаќаат, а за кои вакцини може да се побара плаќање од страна на самиот власник на стоката. Тоа знам дека не е во состојба може би веднаш да се одговори, прифаќам и писмен одговор. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Збор има г-динот Георгиевски, претседателот на Владата.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Вака е.

Ќе се обидам на првите две прашања да одговорам.

Првото прашање што се однесува до конвенциите кои произлегуваат како обврска на Република Македонија од Советот за Европа јас уште еднаш само можам да го потенцирам ставот на Владата на Република Македонија, а верувам тоа е и расположениeто на Парламентот, сите обврски што ги имаме од Советот на Европа да бидат нели извршени.

Од таа насока не можам да кажам дека постои некоја друга причина за недонесување за овие конвенции освен фактот што навистина во минатата половина година имавме премногу политички проблеми и едноставно дискусии од други аспекти, а исто така, пред се фокусираноста на оваа Влада да се соочи со реформите како основен приоритет на Владата на Република Македонија, така што едноставно проблемот во овој момент за недонесувањето на овие конвенции го гледам во едноставно можеби во недоброто темпирано време, и едноставно само уште еднаш можам да потенцирам, дека обврската останува и оптимист сум дека во текот на оваа година најверојатно, овие конвенции ќе дојдат во процес на ратифицирање пред Македонскиот Парламент.

Што се однесува до второто прашање за добивањето на личните карти јас ќе потсетам дека основа за добивање на лична карта сепак се пропишаните законски мерки и законски услови. Меѓутоа, ако добро го разбрав прашањето, овде се работи за граѓани кои ги исполнуваат

законските услови иако и покрај тоа што ги исполнуваат законските услови немаат можност да добијат лична карта. За таков феномен можам да кажам дека сум информиран дека има случаи и во Тетово, еве сега слушам дека има случаи и во Струга, јас можам да Ви одговорам дека значи ако граѓанинот ги задоволил сите други законски услови и покрај тоа не му се издава лична карта, тогаш причината исклучиво ја гледам во административни или бирократски пречки на некое многу пониско ниво во хиерархијата во извршната власт. Токму заради тоа јас и на претставниците од Тетово кои ми го кажаа тој проблем и еве сега и проблемот изнесен и во Струга, не би можел ништо друго освен да кажам да се направи список на такви, конкретни имиња и презимиња дали се работи за Тетово, дали се работи за Струга или се работи за некој трет или четврт град или општина во Република Македонија, тој список да се достави до Министерството за внатрешни работи и конкретните примери, едноставно да бидат разрешени. Ако законските услови се исполнети а верувам дека примерите за кои се зборува се такви, значи, проблемот е едноставно некаде во бирократската хиерархија, и верувам дека Министерството за внатрешни работи ќе си земе обврска таквите проблеми многу конкретно и многу согласно со законот да ги разреши во најможен брз период.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Благодарам господине претседателе.

Благодарам и на премиерот за обидот и одговорите што ги даде во врска со првото ќе го кажам следното:

Можно е да Владата има многу обврски, и е во теснец со времето, така рече и премиерот, кога се работи за обврските што веројатно треба и време за разработка. Но, јас очекувам да тоа биде во најкус временски рок, затоа што е тоа добро за Македонија, па и за регионот во целина па и за разрешување на некои проблеми. Мислам ако е времето во прашање и обврските во Владата еве јас ветувам дека ние како опозиција и секогаш како конструктивна опозиција ќе му помогнеме во тој аспект и ако не најде време и можност Владата тоа со време да го разреши и ние ќе помогнеме, само нека бидеме поддржани од владата, тоа ќе ни биде и задоволство.

Друго, што се однесува до другото јас очекувам да тоа што рече премиерот да биде остварено, а за тоа дали се работи за луѓе кои го исполнуваат законскиот основ, јас подзаконските акти, од Министерството не ги знам, само знам ова. Тие се луѓе кои што се родени, тука, кои имаат имот тука, децата им одат на училиште тука, жените им се тука, така да мислам дека незнам кој подзаконски акт би бил тој кој што би можел да оспорува да таков човек се здобие со лична карта, иако привремена работи да речеме во Австрија или во Швајцарија. Така да самата синтагма привремено вработените таму не може да се замени со привремено што доаѓаат во Македонија. Или ќе бидеме принципиелни во првото да кажеме дека тие не се привремени таму туку се привремени овде што би било една мислам лошо изведена работа и за нас како парламентарци, а мислам дека и по нивните права. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, да влезат пратениците во салата.

Да не не држат во неизвесност дали имаме 60 или 61. Нека влезат, имаме повеќе присутни во зградата и нека влезат овде да седат и тука сега работи Собранието.

Молам, повикајте ги пратениците да влезат во салата.

60. Точно се 60 сега внатре. Да.

Добро, да утврдиме точен број. Ве молам и да изброите не ќе смееме да работиме ако немаме доволно.

Ех, добро. Сега имаме 62.

Молам, продолжуваме со работа, господин Ѓорчев, министер за земјоделство.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Министерството за земјоделство воопшто, одделно одделението за Европска интеграција и ветеринарната управа, која што е надлежна за контрола на заразните болести и воопшто сите појави на епизоди на територијата на Република Македонија во последната година направи сериозни напори преку ФАРЕ програмата за отстранување на граничната контрола на влез на сите производи со животинско потекло, потоа преку проектот одбележување на стоката и на крајот преку формирањето на одделението за епизоти и превентива што на крајот резултираше да Република Македонија успеа и покрај појавата на заразни болести шап и лигавка во соседна Грција, во Бугарија и Турција, ние навистина заразни болести во изминатите години не се појавија на територијата на Република Македонија, а исто така кога е во прашање појавата на БСЕ, или така наречено кравjо лудило, ние ги почитуваме препораките на Европската комисија за јавно здравство и потрошувачка

и комисија за епизоди. И сме во постојани контакти и преписка со тие директорати и комисии на Европската унија.

**МАРЈАН ГОРЧЕВ:** (продолжение)

Додека за прашањето кои вакцини при вакцинирањето на добитокот се дозволени а кои не се, ќе поднесеме писмена информација до г-динот пратеник.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Благодарам, јас сум задоволен од тоа што претходно се рече во првиот дел од одговорот.

За вториот дел очекувам одговор во писмена форма. За тоа се заинтересирани и граѓаните, па тогаш можеби повторно ќе земам збор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Мерсел Билали.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Сакам да поставам три прашања.

Првото прашање е до министерот за внатрешни работи. Имено, никој не ја оспорува должноста на органите за гонење и откривање да преземат одредени дејства во рамките на законот во однос на откривањето на сторителите на состојбите во Теарце. Меѓутоа, изгледа имаме сериозни индикации дека тука сепак се работи и за повреда на службената должност на органите кои ја водат таа акција, бројни граѓани се малтретираат, тепаат и т.н., така што моето прашање во контекст на ова е:

Дали надлежните органи размислуваат во правец на преземање на законски мерки за лица за кои ќе се утврди дека имаат сериозни пречекорувања на овластувањето при такви преземени дејства.

Мислам дека до крај е штетно ако се резонира со резонот на колективно казнување, а тоа е спротивно на уставните и законските одредби и на договорите, спогодбите и конвенциите кои и нашата држава ги ратификувала. Уште пожалосно е ако заменикот министер за внатрешни работи ги оправдува сите овие дејства.

Значи, тоа е моето прво прашање, имено, дали се размислува во правец на преземање законски дејствија против евентуалните пречекорувања на овластувањата.

Второто прашање: Чегране и Форино заедно имаат 14 илјади жители. 1997 година во Програмата влезе изградбата на водоводот за тие населени места и за таа цел 1998 год, беа предвидени 370 илјади германски марки. Една година подоцна не беше вложена ниедна марка, а за да биде уште посмешно, минатата година да се вложат во тој витален проект за тоа жителство само девет илјади марки. Се поставува прашањето дали власта односно Владата тука делува принципиелно или политички ги дели тие средства кои ги плаќаат сите граѓани. Имено, ако од 1994 до 1998 год, беа изградени капитални објекти како далекувод, ПТТ, нова телефонска централа, училиште, пат и т.н., се во вредност од шест милиони марки, последниве две години немаме инвестиција ниедна марка во Чегране. Дури, има наговестување дека се врши притисок или блокада врз странските амбасади кои мислат да помогнат ангажирајќи некои меѓународни хуманитарни организации кои би сакале да помогнат во реализацијата на овој објект.

Тоа беше второто прашање, веројатно до министерот за сообраќај и врски кој го покрива и ресорот на урбанизам.

Третото прашање е до министерот за образование, ако е тука или заменикот министер. Имено, што размислува министерството односно Владата во однос на Основното училиште во Форино, бидејќи до 1997 год, работите во тоа ново училиште кое е во изградба се изведени околу 70% и така објектот пропаѓа веќе четири години бидејќи не се пуштаат пари. Што размислува и како размислува Министерството да помогне во тој правец.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-ѓа Димовска, министер за внатрешни работи.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Се согласувам со пратеникот Мерсел Билали дека после случувањето на овој грозоморен чин на терористичкиот напад на Полициската станица во Теарце и загинувањето на полицаецот, сите сме загрижени а пред се Министерството за внатрешни работи како ресорно министерство направи се за да се откријат што поскоро сторителите на овој терористички акт. Согласна сум со него дека не треба во работата на Министерството и во примената на методите и средствата да се настапи од позициите на т.н. колективно казнување. Токму од тие причини, максимално е водено сметка при вршењето на претресите, само со судски налог да се врши претрес во одделни домови ан граѓани за кои што имало сознание или индиции дека се вклучени во терористичкиот напад, така што доколку граѓаните во чии домови е влезено пријават пречекорување и

определени штети, ние сме подготвени да преземеме мерки за преземање одговорност на одделни наши припадници или надомест на штетите. Факт е дека во акциите, затоа што се бараат опасни лица кои немилосрдно извршија атак и убиство на полицаецот, беше вклучен и еден мал број на припадници на специјалната единица и при претресите некаде не е чукано на врата туку е влезено, нормално со судски налог, и барано од лицата веднаш да постапат според барањата на полицијата. Можеби се направени мали штети и јас упатувам да се јават граѓаните до МВР да ги пријават штетите, ние сме подготвени да ги надоместиме.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Само дополнително едно логично објаснување. Имено, ако според нашите сознанија се работи за една бројка од околу 200 лица кои се приведени или малтретирани, тука се поставува прашањето, случајно ако се открие дека сторители се само четворица, претпоставка е тоа, како размислува власта да им се оддолжи на тие 196 од причина што тука имаме штети, повреди, повреда на достоинството, претрпен страв, прашања на моралот, плус политичката димензија. Дали ќе се преземат мерки против луѓето, надлежните органи кои ги прекршиле овластувањата. Јас мислам дека делумно министерката одговори, но во однос на тоа дали ќе се покрене постапка да се утврди дали имало пречекорување или не, неслушнав такво нешто.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Видете вие зборувате за бројки кои што се ваша претпоставка, 200 лица и претпоставка дека четворица се учесници. Факт е дека сеуште истражните дејства и откривачките дејствија трајат, исто така е факт дека против четири лица поднесе денес МВР кривична пријава но бројот на сторителите е поголем. Не верувам дека врз 200 лица се направени такви пречекорувања на овластувања за кои што вие говорите, но еве јас како министер јавно соопштувам дека ќе го испитаме текот на акцијата и доколку утврдиме такви поединечни пречекорувања на овластувања ќе превземеме мерки согласно нашите акти.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Балковски, министер за транспорт и врски.

**ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:**

Што се однесува за водоводот во Чегране и Форино можам да кажам децидно дека Министерството за транспорт и врски апсолутно не врши никаква блокада на средствата, туку заедно со меѓународните хуманитарни организации активно учествува во работата за надминување на овој проблем. Јас можам да да кажам дека во наредниот месец ќе има конкурс, каде што сите локални самоуправи активно ќе учествуваат за водоводи и канализации за поднесување на пријави, а особено поконкретно за овој случај ги повикувам претставниците од Форино и Чегране заедно со пратеникот да дојдат во Министерството за транспорт и врски и да ја видат нашата програма за дејствување.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Задоволен сум од одговорот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Министерот за образование не е тука, ќе бараме да му се одговори писмено.

**ФЕЈЗУЛА ШАБАНИ:**

Јас ќе му одговорам бидејќи сум од тој крај.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор заменикот министер Шабан Фејзула.

**ШАБАН ФЕЈЗУЛА:**

Што се однесува до училиштето во Форино, прво да се знае дека Министерството за образование минатата година го пушти новиот објект во Чегране, додека училиштето во Форино е подрачно училиште, се знае дека тоа училиште е почнато пред четири години и Министерството за образование пушти средства согласно Договорот како што беше предвидено 50% од средствата требаше да се соберат од месното население и ние немаме такво сознание како министерство до каде се тие средства, но со новата година за 2001 година е вклучено училиштето во Форино да се заврши како објект до крај.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Молам искрено министерот да ми одговори во писмена форма, бидејќи ова што го слушнав ниту има врска ниту има основ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, да се достави одговор во писмена форма.

Има збор пратеникот Оломан Сулејмани.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Владата, почитувани пратеници, јас имам само едно прашање, а тоа е во врска со верските заедници во РМ односно Исламската и Православната, кои

за сите нас се невладини и непрофитабилни во своето работење и се дел од цивилното општество во РМ.

Моето прашање е до Владата односно министерот за стопанство. Тоа гласи:

Зошто овие верски заедници за своите верски објекти плаќаат индустриска струја, а не се третираат според редовната тарифа, односно бидејќи се непрофитабилни, затоа што им ја отежнуваме нивната работа со плаќање на индустриска струја, кога се знае дека тие ништо не произведуваат во своите верски објекти.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Фетаи, министер за економија.

**БЕСНИК ФЕТАИ:**

Мислам дека од минатата недела таа цена веќе е укината и веќе не плаќаат индустриска цена на електричната енергија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи таа одредба е укината.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Барам писмено да ми се одговори, бидејќи според моите сознанија на теренот некои објекти од исламската вероисповест плаќаат индустриска цена на електричната енергија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Од опозицијата сега има збор г-динот Љупчо Анушев.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Г-дине претседателе, членови на Владата, имам едно прашање веројатно до министерот за финансии.

При приватизацијата на Цементарницата "Скопје", рудникот кој се експлоатира во рамките на цементарницата не беше предмет на проценката на Цементарницата. Ме интересира дали цементарницата во овој момент плаќа концесии за тој рудник и ако плаќа колку?

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Писмено ќе одговориме на прашањето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Писмено ќе одговорат на прашањето, пратеникот прифаќа.

Има збор г-ѓа Наталија Димова - Марковиќ.

**НАТАЛИЈА ДИМОВА - МАРКОВИЌ:**

Прашањето е упатено до министерот за правда, а се однесува на изборот, поточно неизборот на одредени предложени кандидати од Републичкиот судски совет за претседатели на судови, меѓу кои се наоѓа и судот во Велес.

Имено, со ваквото дејствие е нарушена темелната вредност на Уставот, а тоа е поделбата на власта на законодавна, извршна и судска и оттука доаѓа до кршење на Уставот со таквото дејствие.

Второто прашање кое се поставува е постојано потенцирање на независно судство кое произлегува од овие три власти и оттука дали независно судство може да биде ова судство кое може да се заснова на лобирање на одредени групи за избор или неизбор на одреден кандидат за претседател на судот. Потоа се поставува и произлегува од тука прашањето за доверба на Републичкиот судски совет од Собранието на РМ, Републичкиот судски совет кој што е составен од еминентни стручњаци по право и кои ја донесуваат својата одлука врз основа на добиено мислење од Апелациониот и Врховниот суд, кое се однесува на стручноста, компетентноста и на работата на предложените кандидати, а потоа врз основа и на свое мислење, врз истиот критериум, Републичкиот судски совет по одредени критериуми во кои се основа оценка на работата, стручноста и компетентноста во периодот на вршењето на судската функција токму на кандидатите кои ги предлага судскиот Совет и од тука на овие предложени кандидати,, чиј критериум е досегашната работа на судската функција, доаѓа до непочитување на предлозите на Републичкиот судски совет. Дали Собранието може да изрази ваква недоверба и се поставува следно прашање, зошто ја изразува токму на орган кој е компетентен да даде вакви предлози.

И уште една дилема, бидејќи јас бев објективно отсутна на таа седница на која беше на дневен ред изборот на претседатели на судови, дали е извршено ова со кворум односно со работа на најмалку 61 пратеник во Собранието на РМ.

Од тука произлегува, јас би го замолиле министерот за правда да ми одговори на овие неколку прашања дали постои можност за повторно поставување на истите предлози пред Собранието на РМ, со оглед на овие аргументи кои ги искажав погоре.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор министерот за правда г-динот Џевдет Насуфи.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Сепак треба да се истакне тоа дека Министерството за правда. согласно законот во изборот на претседателите на основните судови, постапило како што е предвидено. Имено, министерот за правда односно Министерството за правда пред Републичкиот совет дава свое мислење и заправо тука завршуваат надлежностите на Министерството. Постапката за избор на претседател на основен суд понатаму е во надлежност на Републичкиот судски совет. Согласно тоа, Републичкиот судски совет поднесе предлози до Собранието, кое според нашите законски прописи, според самиот закон е надлежно да одлучува. Во случајот, Собранието постапило онака како што е предвидено и во таа смисла не гледам дека тука се измешани ингеренциите или дека е вршен некој притисок. На крајот на краиштата, тоа е наша уставна устроеност и од тоа неможеме да избегаме. До колку согледуваме дека има потреба од измени и дополнување, тоа е работа пред се на овој Парламент.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ - ДИМОВА:**

Г-дине министре, јас сосема ве разбирам за делот на вашите ингеренции, меѓутоа, кршењето на Уставот и темелните вредности на поделбата на власта сепак е во ваши ингеренции заради тоа што Уставот е највисокиот акт во хиерархијата на актите и тој се почитува во РМ. А за тоа сепак вие треба да дадете ваше мислење.

Од друга страна, пак токму Републичкиот судски совет, веќе го кажав тоа, дал свои предлози како стручно тело за давање предлози. Дали Собранието работело со кворум и дали изворот е легитимен односно неизборот, е прашањето што го упатив до вас и кршењето на Уставот и на темелните вредности.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Сепак треба да се знае дека тоа не е во надлежност на министерот за правда и јас не вршам контрола на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Харуни.

Имаме уште време опозицијата да поставува прашања.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Господине претседателе, првото прашање се однесува до министерот за правда.

По случајот во село Арачиново кога беа убиени припадници на МВР како и по нападот на Полициската станица во село Теарце, полицијата извршила претрес во двете села. Притоа беше извршен претрес само на куќите во која живее население од албанска националност и ако за двете села во кои е извршен претрес се со мешано население.

Сакам да укажам дека при истрагата полицијата покажа бруталност кон албанското население при што беше скршен и уништен мебел на куќата, а башка повреди, искршени екстремитети на граѓани.

Поставувам прашање зошто при истрагата на двата инциденти е извршен селективен претрес само на населението од албанска националност кога извршителот е непознат.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Сепак мора да се изврши една дистинкција дека министерот за правда не е надлежен во своето работење да надгледува најнепосредно работата на правосудните органи, на пример, или на органите за гонење.

Јас ценам дека тие во своето делување ги почитуваат законите и прописите, бидејќи одговорноста за секого постои во оваа држава така што јас ценам дека и во овој случај е постапено така и сходно на тоа јас како министер за правда, моите ингеренции се во тој домен јасни и недвосмислени.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Господине претседателе одговорот што го добив од министерот за правда не само што е избегнување од одговорноста, туку тој самиот не знае дека таков претрес мора да се бара налог од судските органи.

Доколку ова не му е познато тој мисли дека имам поставено погрешно прашање, тој слободно може да оди таму каде му е професијата. Инаку професионално многу површен одговор ми даде.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи не сте задоволен од одговорот.

Госпоѓа Марковиќ - Димова.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ - ДИМОВА:**

Господине претседателе еднаш не сочекавте да го допрецизирам прашањето, а и не ми одговоривте за делот на кворумот на денот на седницата кога се држеше седницата, да го допрецизирам прашањето кон министерот заради тоа што не се упативте повторно кај мене, повикавте кој е следниот на редот на листата на дискутанти.

Најпрецизно прашањето господине министер дали тоа што Собранието не ги испочитувало и не ги изгласало предлозите на Републичкиот судски совет значи недоверба кон Републичкиот судски совет од ова тело.

Прашањето кон вас господине Андов останува.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Претседателе, на крајот на краиштата и Судскиот совет е независен орган избран од ова тело и во случајот моите надлежности во тој домен, тоа е повеќе политичко прашање, политичко-стручно прашање, а довербата е работа на Парламентот дали ќе укаже доверба на предлогот на Судскиот совет или не. Меѓутоа, по редот на работите Судскиот совет по одлуките на Парламентот ќе излезе со нови предлози и постапката ќе продолжи натаму. Тоа значи не треба толку трагично. На крајот на краиштата зарем мора Собранието секогаш да се согласува со тоа што ќе предложи Судскиот совет? Благодарам претседателе.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Претседателе, на ингеренциите на министерот за правда кои му се тој не ми даде одговор поради тоа што даде површен одговор и бега од својата одговорност, одговорот на прашањето го сакам написмено.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Инаку, госпоѓа Димова - Марковиќ сите одлуки во ова Собрание кога јас претседавам се донесуваат само со кворум во согласност со Уставот, немојте да имате никакво сомневање во тоа. Писмено треба да ви одговори.

Молам, нам ни останува уште малку време да минеме на некој од мнозинството, бидејќи изминаа минутите, па ако дозволите овде имаме уште двајца од опозицијата господинот Абдула Алиу и господинот Никола Јованов. Тоа ќе биде на сметка на другите 15 минути.

(Пратениците од позицијата се согласни да продолжат со поставување прашања пратениците од опозицијата).

Има збор господинот Алиу.

**АБДУЛА АЛИУ:**

Почитувани пратеници, почитуван претседателе, почитуван премиере, почитувани министри, граѓаните од село Шипковица потврдуваат дека за време на интервенцијата на припадниците на Министерството за внатрешни работи на ден 28 јануари 2001 година при приведувањето на одделни граѓани се забележани случаеви на пречекорувања на овластувањата од одделни припадници на полицијата и не постапување согласно законските одредби.

Моето прашање е до Министерот за внатрешни работи, колку е ова во интерес на Република Македонија односно за стабилноста на Република Македонија и дали ќе има одговорност за тие кои ги пречекориле своите овластувања. Благодарам.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Кога претходно постави прашање г. Мерсел Биљали делумно одговорив на тоа прашање, не можам да одговорам на општа констатација, треба да има конкретни пречекорувања да се пријават до министерот за внатрешни работи за да можам да преземам мерки. Треба да зборуваме за конкретни случаеви, да се пријават истите како и материјални штети за да можам да преземам мерки да провери интерната контрола и Дисциплинската комисија дали некој наш припадник ги пречекорил овластувањата, а општи констатации можеби стојат, но навистина треба да се конкретизира.

Инаку, и претходно соопштив дека како министер сум подготвена да направиме една контрола дали имало пречекорувања на овластувања при претресите кои се вршени, само можам најодговорно да тврдам дека сите се извршени со судски налог.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Алиу е задоволен.

Сега е на ред г. Никола Јованов.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Господине претседателе, почитувани членови на Влада, им благодарам на колегите што ми дозволија да потрошам дел од нивното време.

До Министерството за финансии, како Министерството гледа на зголемувањето на платите во Фондот за здравствено осигурување и Министерството за финансии по подрачните единици од една страна и рестриктивноста во поглед на трошењето на државни пари и следствено на тоа радикални мерки во смисла на намалување на администрацијата. Дали ММФ се согласува со ваквите парцијални и селективни решенија, бидејќи овие денови имавме изјава на еден од директорите дека воопшто не станувало збор за такви постапки на Владата, дека се тоа самостојни одлуки на Владата, а не на ММФ.

Второто прашање, е до Министерството за финансии проектираните

стапки на персоналниот данок од 15 или 17% ќе доведат до намалување на прилив на средства во Фондот за здравствено осигурување и ќе генерира минусот од 20-тина милиони марки на годишно ниво, според анализата на Фондот и според изјавата на директорот г. Војо Михајловски на седница на Комисијата за здравство.

Дали Министерството за финансии го има во предвид како тие средства ќе се надокнадат.

До Министерството за здравство. На што се должи недостатокот на мазут во Битолската болница пред неколку дена, па се смрзнуваа сите пациенти и целокупниот персонал и дали министерот за здравство дал согласност на подзаконските акти од Фондот за здравствено осигурување кои во јавноста предизвикаа голем револт.

Едно прашање до премиерот, веднаш по фамозната седница на прекројувањето на парламентарното мнозинство експресно бев сменет од позицијата началник на Хируршкото одделение во Битола и тоа во мое отсуство, бидејќи службено патував од Парламентот во Република Полска. Кога власта великодушно нуди позиции, високи политички позиции од типот на амбасадорски места на опозицијата, мислам дека ова е чист политички реваншизам, бидејќи ваквата позиција ја сметам неважна политичка од политички аспект, а само да напоменам дека истата ја имав и пред парламентарните избори во 1998 година. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прв е на ред министерот за финансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Што се однесува до првото прашање можам да потврдам дека не постои зголемување на плати во Министерството за финансии додека за Фондот за здравство немам информација, веројатно или министерот или директорот на Фондот би можеле да достават информација за такво нешто.

Што се однесува до второто прашање околу можноста за создавање на ГЕП во Буџетот на Фондот за здравство со намалувањето на персоналниот данок од 23, 27 и 35% на 15% и 18%, би сакал да ви пренесам дека ова беше дискутирано за време на преговорите со ММФ, прашањето беше отворено и одлучено со измена на подзаконскиот акт да не се дозволи вакво нешто, бидејќи намалувањето и реформите во даночниот сектор не треба да го оптоворат Фондот за здравство, така што паралелно со донесувањето на законот ќе следуваат измени по одредени подзаконски акти кои веќе се подготвени и се во кореспонденција помеѓу Фондот и Министерството од една страна и Министерството за финанси од друга страна, се очекува деновиве да бидат прифатени, имаше два различни концепти, едниот беше поприфатлив за финансии, другиот поприфатлив за Фондот, веројатно деновиве ќе се усогласиме така што не станува збор дека ќе дојде до било какво оштетување на Фондот за здравство.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Само кратко околу вработувањата во Фондот за здравствено осигурување, бидејќи на седницата на Комисијата кога го гледавме Буџетот за здравство ставката за плати и други надоместоци е зголемена за 30-тина проценти, на наше барање Фондот ни достави информација дека тоа се должи на ново примени вработени. Сакам да кажам дека е тоа во колизија, од една страна се примаат нови вработени, а од друга страна се отпуштаат со образложение дека треба да се намалат трошоците во Буџетот.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

На погрешно место ви е упатено прашањето околу Фондот за здравство. Министерството за финансии е одговорно за Буџетот на Република Македонија, за централниот буџет така што сега прв пат во новиот Буџет влегуваат фондовите така што за минатото не можам ништо да потврдам, бидејќи немам информации, сепак треба на друга адреса да се упати прашањето. Ако Управниот одбор на Фондот ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Писмено ќе одговорите, тој што треба да одговори, вие или здравство.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Некој треба писмено да одговори.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Владата да одговори, не може заради недостаток на информации пратеникот да остане без одговор. Сега нема одговор, но писмено ќе одговорите.

Понатаму прашањето беше упатено до премиерот.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Можам да одговорам дека прашањето очигледно не се работи за смислен политички потег, туку се работи за инцидент на локално ниво и мислам дека се во прашање некои локални интереси, а не се работи за некоја политичка активност или политичко дејствување, така што ова

што можам да го кажам е дека ќе преземеме дополнителни разговори, да видиме каде и во што е проблемот, дури мислам и не одбегнувам од можноста дека се работи за максимално личен однос кој сега е злоупотребен во функција на превирањата кои се случија пред Нова Година.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Веројатно ќе биде потребно кога ќе испитате да го известите пратеникот кој го постави прашањето.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Јa преземам одговорноста лично да го информираме пратеникот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Писмено, да.

Сега е на ред господинот Даниловски, министер за здравство.

**ДРАГАН ДАНИЛОВСКИ:**

Би коментирал околу смената на колегата пратеник д-р Јованов од неговото началничко место. Тоа е направено од актуелниот в.д. директор на Медицинскиот центар без знаење на министерот за здравство и Министерството дека не се работи за реваншизам, може како пример да послужи она што се случува со ДА кадрите во другите сфери на здравството. Има огромен број ДА директори во медицински центри, во здравствени организации во државата кои се и понатаму на своето место, има и тука присутни што можат тоа да го потврдат. Сигурно не се работи за реваншизам, туку како што рече премиерот веројатно за одреден личен анимозитет.

Што се однесува до другите прашања што беа од доменот на здравството во Министерството ќе направиме анализа и во писмена форма ќе го информираме пратеникот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ни истече времето, ни останаа уште 2-3 минути, а имаме осум пратеници кои сакаат да постават прашање, што припаѓаат на мнозинството.

Предлагам да завршиме денеска со двајца, а понатаму ќе продолжиме.

Има збор г. Латиф Пајкоски.

**ЛАТИФ ПАЈКОСКИ:**

Господине претседателе, господине премиере, јас би сакал да поставам само едно прашање и морам веднаш да кажам дека го поставувам по трет пат. Првите два пати кога го поставив добивав усмени одговори и верував во тогашните министри дека сепак ќе се најде начин ова прашање да се реши, но до овој момент истото не е решено и се надевам дека ова ќе биде последен пат како го поставувам истото прашање.

Имено, се работи за решавање на проблемот околу приклучување на водоводот на едно од најголемите Рекански села, с. Скудриње, водовод кој повеќе од 5 години е изграден, вложени се повеќе од 600 илјади ДМ во таа инвестиција средства на Република Македонија и водовод кој не знам од кои причини, освен ако ги земеме како точни причините што еден од министрите ги кажа дека се работи за самоволие на едно од претпријатијата во Дебар до овој момент не е приклучен на регионалниот водовод Росоки - Дебар.

Во овој период повеќе од 3 илјади жители мака мачат со обезбедување вода за пиење и би соопштил дека ваквата состојба е една од причините што од ова село се почеста е појавата на масовно селење низ Републиката и надвор од Република Македонија.

Во оваа прилика би побарал одговор, ако сакате и ветување од еден од министрите дали министерот за транспорт и врски или министерот за земјоделие, шумарство и водостопанство, дали навистина постојат реални можности да се изврши приклучување на овој водовод со напомена дека Месната заедница од с. Скудриње располага со сите пресуди дури и конечна пресуда од Врховниот суд на Република Македонија за правото дека сепак треба да се овозможи приклучување на овој водовод.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор премиерот, г-динот Георгиевски.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Сакам да дадам еден глобален одговор на ова прашање, без навлегувањето во конкретните села и места што беа спомнати во функција на еден целосен одговор.

Владата на Република Македонија уште минатата година конкурираше во еден од грантовите, тоа беше италијанскиот гранд за максимален развој и помош на селата и местата околу Радика. Во таа насока можам да кажам дека минатата недела конечно го добивме одговорот од италијанската Влада дека тие го потврдуваат грантот, така што може да се очекува дека во периодот кој доаѓа пред нас 11 милиони марки ќе бидат потрошени во најразлични програми и проекти по долината на Радика токму во таа насока (водоводи, канализации, еколошки

проблеми и се она што произлегува од интересот на граѓаните во тој дел).

Мислам дека во таа програма ќе се најдат и конкретно споменатите проблеми.

Исто така од пред неколку дена имаме дополнителна помош од Норвешка која исто така ќе биде во висина од 5 милиони марки гранд, која повторно е наменета за крајот покрај Радика. Значи, се очекуваат бројни ситни проекти кои верувам дека ќе решат проблеми кои со децении се таложеле во тој регион.

**ЉАТИВ ПАЈКОВСКИ:**

Г-дине претседателе ова што премиерот го кажа во ред е и се разбира за поздравувања, но овој случај е од друга природа затоа што се работи за веќе изграден водовод кој што сосема од други причини до овој момент не е приклучен. Не се работи за потребни додатни средства.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор министерот Балковски.

**ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:**

Бидејќи пратеникот кажа дека на два пати му е одговарано усно, Министерството за транспорт и врски ќе одговори писмено, а заедно со претставници од Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство ќе го посетат местото и ќе го решат проблемот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Данило Глигоровски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа, јас имам две прашања. Едното прашање е до г-динот министер за надворешни работи во врска со неодамнешните написи во некои медиуми дека наводно германската и италијанската влада барале отповикување на г-динот Тешеира, претставник на Европската Унија во Република Македонија. Ме интересира во врска со тоа дали има поподробна информација.

Второто прашаше е последица на средба која во пратеничката група ја имав со група на поранешни штедачи на Македонија реклам, кои што ме замолија да поставам прашање до министерот за правда по однос на работата односно штедењето и оценката на работата на моменталниот стечаен управник на Македонија реклам, затоа што се жалат на тотална нетранспарентност. Штедачите немаат никаков извештај по однос на неговата работа, ниту пак за преостанатата стечајна маса.

Во согласност со ова исто така прашање до министерот за финансии дали се планира покрај другите обештетувања од одредени средства што ќе се добијат за Телекомот, дали и штедачите на Македонија реклам ќе бидат вклучени во обештетувањето.

**СРЃАН КЕРИМ:**

Благодарам почитуван претседателе.

Во одговор на прашањето на пратеникот Глигоровски би сакал да истакнам дека во рамки на редовните контакти што ги оствaруваме како Министерство за надворешни работи со германското Министерство за надворешни работи и со италијанското Министерство за надворешни работи одлучно беа од нивна страна демантирани таквите вести и ни беше укажано дури со чудење дека го следат овој бран на напади и дискредитирање на личноста на претставникот на Европската Унија во Република Македонија кој ужива целосен авторитет во Европската Унија и нејзините земји членки.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. За второто прашање ќе одговори премиерот.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ.**

На второто прашање писмено ќе одговориме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, значи на тоа прашање писмено ќе одговорите.

Третото прашање беше за Македонија реклам, дали е тоа исто. Тоа е цел комплекс, врзани се тие.

Добро, благодарам.

Сега веќе завршивме со пратенички прашања и одиме на Петата точка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Минуваме на точката 5 - Предлог на Буџет на Република Македонија за 2001 година.

Предлогот на Буџетот со буџетите на фондовите за Пензиско и инвалидско осигурување на Македонија за здравствено осигурување на Македонија за магистрални и регионални патишта, за води и за заштита и унапредување на животната средина и природата и на Заводот за вработување на Република Македонија, кои согласно Законот за буџетите се составен дел на Буџетот на Република Македонија, како и извештаите на работните тела на

Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Пред да почнеме со претресот Ве молам пратениците нека влезат во салата.

Молам да видиме колку пратеници имаме во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Имаме 62 пратеника. Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Љубчо Георгиевски, премиер на Владата на Република Македонија.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Почитуван претседателе на Собранието, почитувани членови на Парламентот и почитувани министри во Владата на Република Македонија.

Кога се донесува Буџет на една држава, сигурно тоа е еден од најзначајните документи кој може да го донесеме во текот на една година, затоа што тука се крши целата политика на Владата и на Парламентот во годината која доаѓа пред неа.

Она што можам да го кажам за овој Буџет и за сите закони кои следуваат после Буџетот, затоа што законите кои следуваат после Буџетот се директно врзани овој пат со самиот Буџет и стапките кои се предложени во Буџетот е навистина по многу работи специфичен и за оваа Влада, меѓутоа и за овој Парламент.

Првата работа која мораме да ја констатираме на самиот почеток е дека за прв пат во Република Македонија, после десет години транзиција ние можеме да зборуваме дека пред нас имаме Буџет со лик како пред секоја нормална западноевропска држава односно со лик кој го има во развиените меѓународни заедници. Тоа значи Буџет со надоградување на трезорски систем и Буџет во кој конечно се влезени сите фондови со што се зголемува транспарентноста на трошењето во Република Македонија, контролата од страна на Парламентот не само на Буџетот, туку и на фондовите и верувам доаѓаме до уште поголема економичност на работење на сите оние кои што работат со Буџетот во Република Македонија. Значи, мислам дека сите ние дека учествуваме на еден начин, не би рекол историски, меѓутоа во поглед на финансиите и буџетот навистина многу интересен ден затоа што прв пат во Република Македонија гласаме Буџет со меѓународен лик и со она што од нас го бара меѓународната заедница.

Вториот момент кој сакам да го истакнам пред донесувањето на овој Буџет е фактот што ние за прв пат можеме конкретно да се пофалиме дека реформите ќе ги почувствуваме сите заеднички и дека реформите може да ги почувствуваат сите слоеви на граѓани во нашата држава.

Овој факт произлегува од начин на кој е концепиран Буџетот, меѓутоа и повторно ќе потенцирам, од законите и измената на законите кои следуваат после донесувањето на Буџетот, затоа што на некој начин можеме да кажеме дека промените кои следуваат после буџетот се директно сврзани со тоа како ќе изгледа економската политика на Владата за оваа година. Меѓутоа, еве да споменам која е и основата, зошто си дозволуваме да кажеме дека прв пат ќе ги почувствуваме промените на еден реален начин и конкретните придобивки од реформата ќе ги почуствуваме.

Основите за да можеме да тргнеме во една по либерална политика и драстично намалување на многу сфери на даноци и придонеси лежи во двогодишната политика на работењето на оваа Влада и како подршка на парламентарците кои стојат зад работата на оваа Влада. Во таа насока јас ќе споменам уште еднаш неколку елементи за кои сметам дека се основни цифри за да разбереме зошто можеме да ја дозволиме оваа нова економска политика.

Ќе го споменам фактот дека за две години девизните резерви на државата ги зголемивме некаде од 334 милиони долари на 710 милиони долари, што е за две години буквално дуплирање на девизните резерви на Република Македонија. Тоа е основната база и сигурност и во економскиот развој на Република Македонија, меѓутоа и да можеме понатаму да продолжиме со по либерална политика. Некои се обидуваат ова дуплирање на девизните резерви на Република Македонија да го омаловажат, меѓутоа дали е тоа значајно или не е значајно јас само ќе споменам дека нашиот северен сосед кој четири пати е поголем од Република Македонија има 525 милиони долари девизни резерви, што мислам дека е работа со која секој граѓанин на Република Македонија треба да се гордее, а можам да кажам ако направиме компарација со другите држави на Балканот ќе видиме дека ние компаративно стоиме можеби и на прво место. Во таа насока ќе го споменам фактот на надворешното задолжување, во таа насока ќе споменам дека надворешниот долг

за 2 години 1998-2000 година е минимално зголемен за 20 милиони долари, а во споредба со 1999 година дури и намален за 20-тина милиони долари. Во таа насока само ќе споменам дека тоа е направено со добри показатели. 1999 година се вратени околу 150 милиони долари надворешни долгови, 2000 година се вратени околу 200 милиони долари надворешни долгови и во овој момент надворешниот долг на

Република Македонија изнесува некаде околу милијарда и 400 милиони долари, при што морам да кажам дека цифрата на државни долгови и на приватни долгови е исто така видно изменета во корист на оттргнување на државните долгови кон долгови на фирми и приватни и правни субјекти и во нашата држава.

Повторно за споредба ќе споредам два податока. Хрватска има надворешен долг околу 11 милијарди долари и внатрешен 11, значи 22 милијарди долари, соседна Југославија која завчера објави има околу 31 милијарда долари долгови. Јас не сакам да ги споредувам цифрите, навистина многу работи во оваа држава сеуште на економски план не се како што ние очекуваме, меѓутоа некои цифри и некои анализи, компеартивни анализи едноставно не може да се замижи пред нив и не може да не се спомнат за да уште еднаш потврдиме какви резултати се направени во овие две години и зошто оценките доаѓаат позитивни и од надвор, меѓутоа сега ни се овозможува и да тргнеме со конкретна економска политика.

Конечно ќе споменам дека овие намалувања на даноци се благодарение на суфицитот кој го покажавме минатата година. Тоа сега е конкретно исполнување на она што го ветивме кога го гласавме ребалансот на суфицитот, кога кажавме дека ќе му се дозволи намалување на даноци и за да Ви се намали еден нов Буџет прво треба да покажете резултати. Ние ги покажавме резултатите со суфицитот, со гласањето на тој суфицит на ребалансот во овој Парламент и затоа сега можеме да тргнеме во офанзива, нова политика.

Што е она од што е составен овој Буџет? Во таа насока јас ќе споменам неколку елементи.

Во овој Буџет ние повторно имаме предвидено враќање на надворешни долгови од некои претходни влади, претходни генерации на околу 180 милиони долари долгови кон странство. Значи ние имаме една многу голема несреќа што овој Парламент и оваа Влада се најдоа во оние три ударни години, 1999, 2000 и 2001 година кога се рекордните враќања на странски долгови кон странските доверители. Значи оваа година во тој поглед е повторно дел од списокот на трите рекордни години на враќање на странски долгови и јас сметам дека ќе биде извонредна цел ако ги вратиме овие долгови, а повторно да кажеме идната година дека надворешното задолжување не е зголемено, односно повторно е некој статус кво.

Во таа насока главните предности на овој Буџет е навистина што во него се собрани законите со кои се оди на радикално намалување на многу давачки.

Јас на почеток ќе го спомнам персоналниот данок односно купувањето на намалувањето на персоналните даноци. Ние знаеме дека тие персонални даноци досега беа едни од највисоките во нашата држава во Меѓународната заедница. Тие беа 23 за најниските плати, 27% и 35%. Овој пат имаме само две даночни стапки за персоналниот данок, 15% и 18%, при што имаме и проширување за колку плати тоа важи, така што мислам дека оваа Влада не можеше да најде подобар начин да помогне на економијата освен директно на секоја фирма, на секој приватен сопственик да му даде во неговиот џеб. За што ќе ги искористи приватникот или државниот сопственик, или мешовитиот сопственик или странскиот сопственик на било која фирма ова му е подарок што му го дава Владата на Република Македонија и негово прашање, негов проблем за што и да ги искористи ние сме сигурни дека ќе ги искористи за паметна работа, меѓутоа ќе бидеме многу среќни ако ова намалување на персоналниот данок се искористи за конкретно намалување на платите на вработените. Меѓутоа, нема да биде штета ако тоа се искористи и за нова инвестиција или за нов развој на фирмата. Во таа насока ќе бидеме и многу среќни ако оние фирми кои држат нерегистрирани вработени ова сега го искористат како добра шанса да ги пријават своите вработени како легално регистрирани, затоа што сакаме да укажеме дека и трудовата инспекција и другите инспекции кои се надлежни за тоа ќе бидат сега многу поактивни во спроведувањето на своите обврски затоа што тешко некој ќе може да се повика дека заради персоналниот данок, бидејќи е многу висок не може да го пријави неговиот вработен.

Вториот момент кој следува со намалување на тие даноци, јас ќе кажам дека тоа се работи кои во овој момент многу малку се занемаруваат, меѓутоа практично

сите оние трансакции на македонската берза, хартиите на вредност, тоа се серија на даноци кои досега важеа се укинуваат. Тоа во овој момент нема никој да го забележи и нема да го почувствува меѓутоа веруваме дека ќе даде еден сериозен импулс на движењата на македонската берза и на инвеститорите и домашни и странски.

Конечно, ќе се задржам уште на еден елемент. Сите оние кои се пријавуваат како приватни земјоделци ќе добијат практично комплетно ослободување на персоналниот данок. Значи ако е за фирмите 15 или 18% за оние кои ќе влезат и ќе се пријават како професионални земјоделци овој пат едноставно имаат 0% персонален данок, што сметам дека е повторно една поткрепа на приватниот, индивидуалниот земјоделец и помош која досега едноставно не е дадена.

Вториот момент на кој ќе се задржам во поглед на намалувањето на придонесите тоа се три гранки од Законот за ДДВ. Тоа е земјоделските производи кои беа, за жал од превидот на претходниот министер за финансии за минатата година ставени во највисоката стапка 19% и ние не можевме ништо тука да направиме цела година. Значи сега имаме намалување од 19% на минималната стапка од 5%. Потоа имаме практично за сите земјоделски производи, истото важи за фармацијата и истото важи за становите како финален производ во македонското градежништво.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:** (Продолжение)

Верувам дека со овие три ставки на овие гранки ќе им се даде една огромна помош и огромна поткрепа во нивното работење.

Конечно, кога станува збор за намалување на некои сфери, ќе ја спомна царината, досега во Република Македонија никогаш не се случило да се направи колективно намалување на царините во 4000 илјади различни производи. Во таа насока, можам да кажам дека сепак се работи за конкретна помош на економијата, при што од тие 4000 ставки можам да извадам само неколку кои за прв пат се карактеристични. Да речеме, семенската пченица од 20% царина се намалува на 5%, хибридите за сеење од 30% се намалуваат на 2%, сточната храна оди само со 2%, вештачките ѓубрива ќе бидат на 3% и на 1%, препаратите за заштита на растенијата во земјоделството од 15% на 5%, рачниот алат за индустриска и земјоделска употреба од 16% на 2%, репроматеријалите и суровините за текстилната индустрија од 16 на 10%, а други од 12% на 6%, производите и репроматеријалите во металната индустрија од 8% на 3%, машините и опремата на текстилната и прехранбената индустрија ќе се сведат на 8, 5 и 1%, машините и опремата за земјоделство од 6% на 5%, компјутерите од 16% ќе се сведат на 4%, целата електроника ќе биде сведена од 10% на 1%, медицинската опрема од 10% на 1%, фармацијата од 7% на 1% и да не ги набројуваме сите сфери. Како што спомнав, 4000 производи ќе бидат намалени во нивните стапки. Како што гледате, тоа е помош која македонската економија никогаш до сега не ја има добиено.

Практично, комплетната помош што ќе биде добиена по основ на намалување на персоналниот данок, ДДВ и царината е околу 180 милиони марки. Ние со години слушавме дека Парламентот, влади една и друга, ја оптоваруваат економијата. Тоа го слушавме и при последниот ребаланс на Буџетот. Ве уверувам почитувани пратеници дека никогаш во историјата на оваа држава не сте имале пакет на мерки кои во висина од 170 милиони марки дава поклон на македонската економија. Во што е разликата? Разликата е во тоа што нема фонд кој ќе бира на овие пет фирми ќе им дадеме, на овие пет фирми нема да им дадеме, па некој да кажува дека политички се дава или некому не се дава, туку мерката е системска, туку едноставно сите фирми и сите гранки подеднакво се опфатени од она што денес се нарекува драстично намалување на товарот на економијата во нашата држава.

Тука сакам да укажам уште еднаш, кога зборуваме за политиката на ММФ и Светската банка, обично секогаш и сите критикуваме, и новинари и опозиција и власт и министри, нема некој што не се нашол во позиција да ја критикува политиката на ММФ или на Светската банка. Меѓутоа, оваа мерка денес што ја спроведуваме, мислам дека сите пред нас, треба да ја покаже и едноставно да не увери дека политиката на ММФ и Светската банка својата основа имаат исправна филозофија. Ова што денес го правиме е резултат на тоа заедничко работење со меѓународните институции затоа што навистина можеме да покажеме и докажеме со дело дека помошта се прави системски. Значи, помошта ја добива секој субјект во оваа држава, а не ја добиваат некои три повластени фирми или 10 повластени фирми во Република Македонија. Јас верувам дека тоа и економските субјекти ќе знаат да го ценат, верувам дека и граѓаните ќе знаат да

го ценат и верувам дека сите ние како филозофија ќе се трудиме да ја прифатиме таа политика на меѓународните финансиски институции, затоа што се покажува дека во основа таа е исправна. Тоа што основата на која тоа го работиме е многу ниска и затекнатата ситуација која беше 1998 година е таква каква што е, е друг момент. Факт е дека само со системски мерки кои се однесуваат на целата економија ние можеме да дојдеме до нови и вистински резултати.

Значи, ќе потенцирам уште еднаш, околу 170 милиони марки им се даваат овој пат од овој Парламент и оние што ќе гласаат за овие закони и за овој буџет на фирмите и на економијата, индивидуалните земјоделци, странските инвеститори и сите оние кои учествуваат во економскиот живот во Република Македонија.

Мене ми е жал што опозицијата, односно делови од опозицијата не учествуваат во ова гласање. Не би сакал да сфатам дека тие се против овие мерки на овој Парламент и на оваа Влада, меѓутоа, ве уверувам дека поконкретна мерка за помош на економијата нема и тоа е оној најголем подарок кој досега сме го дале на целата македонска економија и на странските партнери и фирми кои работат со нас.

Во таа насока, само ќе потенцирам уште неколку елементи, кога станува збор за овој буџет. На пример, и со оваа макроекономска политика, во таа насока ќе потенцирам само еден пример за конкретен показател кон реформите на оваа Влада. Што се тоа реформи кога постојано го повторуваме тој збор реформи. Еве само еден пример.

Во Буџетот за 1998 година стапката за плати на администрацијата на буџетските вработени во вкупниот буџет била 37,4%. Во Буџетот кој треба вие сега да го изгласате стапката е намалена скоро за 10% и изнесува 28%. Еве, повторно уште еден показател што се реформи. Значи, ако 1998 година од Буџетот 37% оделе за плати на државната администрација, овој пат ќе одат 28%, што значи се зголемуваат практично огромни сфери каде што може Буџетот да има и развојна и многу поконкретна социјална политика. Имаме конкретни примери. На пример, инвестициите со овој Буџет се зголемуваат за два пати, да речеме од истата ставка во 1998 година. Тоа се реформите со многу конкретни примери, со многу конкретни показатели и верувам дека резултатот ќе доаѓа од денес па натаму во целата 2001 година.

Во таа насока, само уште еднаш би ги замолил пратениците, ние знаеме дека кога се гласа Буџет има илјадници барања, илјадници промени, илјадници размислувања за што треба да се потрошат парите во една држава. Јас само уште еднаш ќе спомнам дека кога ќе се донесуваат и ќе се поднесуваат сите тие амандмани за измени на разни ставки во Буџетот да се има разбирањето за кое токму пред малку зборував, дека од сите буџети кои имал можност некој парламент да ги гласа, ова е Буџетот со најголемите повластици и можности да се помогне на економијата и да се развива таа во сите сфери, така што просторот за амандмани постои, меѓутоа треба да се има разбирање за тој факт и да се има разбирање дека овој буџет ќе успее, доколку се изгласаат и законите кои после него исто така да се изгласаат затоа што се директно сврзани со можноста ваквиот Буџет да се исполни и да се оствари.

Во таа насока јас само ќе спомнам дека кога зборував и за девизните резерви и за трошењето и инвестициите од овој буџет, уште еднаш сакам да потенцирам, овде во ниту еден момент не се ставени во игра парите од Телеком. Значи, парите од Телеком и понатаму стојат недопрени по ниедна основа, тоа е програма на која сега Владата работи дополнително и македонскиот Парламент ќе биде исто така правовремено информиран. Значи, до овој момент работиме само за нешто што ние самите сме си го направиле, значи нема тука екстра пари како што некој сакаше да прикаже сега со Телекомот оваа Влада наводно ќе се обиде да направи брз инвестиционен бум. Значи, она што го правиме и како намалување на даноци и придонеси и на се она што е доброто во Буџетот, тоа е резултат на сопственото работење наше досега. Она што ќе биде екстра ќе го видиме во една нова информација.

На крајот уште само да спомнам дека со сите овие олеснувања предвидуваме во идната година да имаме повторно 6% пораст на националниот доход и 2,2% на инфлација, што значи дека остварувањето на овој Буџет и намалувањето на даноците е во контекст на нов дополнителен развој од 6% и минимална инфлација од 2,2%. Исто така, сакам да спомнам дека имаме во самиот Буџет околу четири милијарди и 700 милиони денари нелоцирани средства, што значи тоа се средства кои едноставно на еден начин ќе бидат една резерва да го оствариме овој навистина амбициозен Буџет со амбициозни драстични намалувања на многу придонеси и даноци и ако го

оствариме сето она што е според планот, некаде во половината на оваа година, значи некаде јуни-јули ќе можеме да ви понудиме - под услов ако ги оствариме овие 4,7 милијарди, ќе можеме да понудиме уште еден пакет на намалување на одредени придонеси во оваа држава. Тоа е договорено со меѓународните финансиски организации, јас верувам дека ако полнењето на Буџетот оди со она темпо и онаа одговорност на луѓето кои се одговорни за тие сфери како минатата година, за кратко време, односно за неполни пет месеци ќе можеме да понудиме уште еден мал пакет на намалување на придонеси во разни сфери, што мислам дека е цел и радост на секоја одговорна Влада.

Почитувани пратеници, тоа е она што сакав да го истакнам пред вас како краток вовед за Буџетот и законите кои следуваат после него. Верувам дека Буџетот и законите кои ќе ги изгласате вие навистина многу брзо, конкретно и ширум Република Македонија ќе се почувствуваат од нашите граѓани и верувам дека нема ниту една причина ова да биде поддржано од Парламентот со големо жалење што опозицијата не сака да учествува во еден ваков подарок до сопствените граѓани. Меѓутоа, едноставно, нивна е одлуката, односно делови од опозицијата, затоа што гледам дека има партии кои учествуваат во оваа дискусија, меѓутоа делови од опозицијата едноставно како да не сакаат да и помогнат на сопствената економија и на сопствените граѓани. Меѓутоа, верувам дека и без нив ќе имаме сили да го дадеме овој подарок до македонските граѓани. Благодарам. (Аплауз во салата).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам, дали уште некој бара збор?

Има збор министерот за финансии господинот Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитувани министри, почитуван претседателе, во својство на министер за финансии имам особена чест денес пред вас и пред целокупната јавност во Република Македонија да го презентирам Буџетот за 2001 година, како прв Буџет во новиот милениум и Буџет со кој продолжува да се реализира мисијата на оваа Влада, а тоа е: зајакнување на македонската економија, откривање на нови работни места, подобрување на стандардот на живеење на населението, намалување на сиромаштијата или накратко, обновување на довербата на македонските граѓани во нивната иднина.

Оваа прилика ќе ја искористам и за давање на вовед не само на Буџетот туку и за другите петнаесетина закони од најголемиот и најзначаен економски пакет на закони кои се донесоа во Република Македонија од нејзината независност до денес, како и за краток преглед на макроекономската состојба во земјата минатата и оваа година.

Постојат периоди во прогресот на народите и земјите кога тие мора да се соочат со големи предизвици, да донесат фундаментални одлуки, да заземат нови курсеви. За Република Македонија ова е еден таков период. Ние можеме да тргнеме по патот на минимални промени, по патот на помали отпори или можеме да трасираме нов пат на динамични реформи, на вистински промени. За нас и за македонските граѓани е јасно дека фундаменталните промени бараат длабоки и суштински промени.

Македонските граѓани денес, како и секогаш, не сакаат да слушаат реторика од нивната Влада. Тие се сериозно загрижени за нивните работни места, за пензискиот и социјалниот систем, за иднината на нивните деца.

Граѓаните со полно право бараат поставување на приоритетни цели за нивната иднина и за иднината на Македонија. Тие бараат од Владата поставување на јасен долгорочен план за остварување на тие цели, но и цврста решеност да се исполни тој план.

Ако постои најголема обврска пред Владата на Република Македонија во ова време, тоа е решавање на овие длабоки проблеми и ублажување на грижите на македонските граѓани. Тие се стандардите преку кои ќе биде оценувана работата на оваа и на секоја наредна Влада.

Во 1998 година кога граѓаните ни ја укажаа нивната доверба, беа поставени рамките на нашата економска програма и планот за постепено надминување на длабоката економска криза во која се наоѓаше земјата. Ние го следевме и го извршувавме тој план во изминативе две години, но имавме и објективни тешкотии заради војната во регионот во 1999 година. Сепак, работевме напорно и бевме упорни, затоа што знаевме дека заедно со граѓаните ќе успееме.

Буџетот кој денес е пред вас е многу крупен чекор на патот на успехот на Република Македонија. Тој ја демонстрира

нашата решеност да опстоиме на патот на реформите и развојот, затоа што тоа е најдобра и единствено исправна опција за сите нас.

Предложениот Буџет за 2001 година покажува дека денес јавните финансии на Република Македонија се во подобра состојба од било кога претходно и дека ни претстои натамошно подобрување.

Тоа е Буџет кој за прв пат во периодот на економската самостојност на граѓаните на Република Македонија им нуди драматично намалени даноци, како што беше споменато.

Тоа е Буџет кој силно ги зајакнува инвестициите во проекти во образованието, патната инфраструктура, проекти кои носат вработувања и развој.

Тоа е Буџет кој ја демонстрира нашата решеност за уште подинамично спроведување на реформите во стопанството и во јавната администрација.

Буџетот кој е пред вас ја трасира идната фискална политика на Република Македонија за следните неколку години.

Придонесот на оваа генерација во изградбата на Република Македонија е вграден во овој буџет и преку него ќе се обезбеди подобра иднина за сите граѓани на Република Македонија. Тоа е наша обврска.

Благодарејќи на напорната работа на илјадници граѓани на Република Македонија, во 2000 година остваривме најуспешни економски резултати во економската историја на самостојна Македонија. Пресвртот во однос на 1998 година, кога дојдовме на власт, е евидентен.

Во 2000 година стапката на реален пораст на бруто домашниот производ на Република Македонија надминува 5%. Тоа е двојно повисок економски раст во однос на 1999 и 1998 година, односно повеќе од кумулативниот тригодишен пораст на бруто домашниот производ во периодот 1996-1998 година.

Би сакал да потсетам дека пред две години, кога оваа Влада го доби мандатот од народот на Република Македонија, вкупните економски состојби беа многу полоши, а економската иднина на земјата беше неизвесна. Во добрите години - се остваруваа лоши економски резултати и високи дефицити. Во лошите години - економските перформанси беа уште полоши, а дефицитите повисоки. Резултат од тоа беа: натрупување на државниот долг, двоен дефицит на Буџетот и платниот биланс, највисоки јавни давачки во Европа. Би го поткрепил ова со податоци, верифицирани од меѓународните финансиски институции.

Долгогодишната депресија во која се наоѓаше македонската економија придонесе бруто домашниот производ да оствари кумулативен пад од речиси 30%, а индустриското производство беше буквално преполовено. Беа остварувани двоцифрени дефицити во Буџетот и платниот биланс, а за нивно финансирање државата се задолжуваше во странство зголемувајќи го надворешниот долг во периодот од 1995-1998 година од 20% од бруто домашниот производ на преку 43% од бруто домашниот производ. Буџетскиот дефицит се одржуваше на релативно пристојно ниво на најлошиот начин - преку континуирано еродирање на капиталните расходи, односно јавните инвестиции, кои се многу значајни за стапката на економскиот раст. Ние го направивме спротивното. Генератор на интензивниот економски раст во 2000 година е зголемувањето на инвестициите, а за инвестиции треба штедење. Токму тоа го правеше Владата на Република Македонија во текот на минатата година - штедеше и инвестираше. Зголемената фискална дисциплина во трошењето на средствата, заедно со зголемената наплата на даноците преку намалување на даночната евазија по воведувањето на ДДВ, беа клучните фактори кои создадоа големи заштеди во државниот буџет.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:** (Продолжение):

Истовремено, Владата на Република Македонија во 2000 година во пракса ги демонстрираше долгонајавуваните, но никогаш претходно нереализирани определби за отвореност кон странските инвеститори и кон меѓународниот капитал. Врз основа на продажба на државниот капитал во Стопанска банка, ФЗЦ Куманово, АДОР Македонија, ФЕНИ и други помали претпријатија, остварени се високи буџетски приходи во износ од над 3,2 милијарди денари (100 милиони ДЕМ). Отвореноста кон светот и забрзувањето на структурните реформи, придонесоа и меѓународната заедница да ја зацврсти својата финансиска помош за Република Македонија во вид на донации, од кои пристигнаа средства во вкупен износ од 5,4 милијарди денари.

На тој начин, вкупните приходи во Буџетот за 2000 година достигнаа 63.093 милиони денари, при што даночните приходи изнесуваа 51.111 милиони денари, неданочените приходи достигнаа 5.645 милиони денари, а приливите од донации и кредити изнесуваа 6.337 милиони денари.

Заради споредба, во 1998 година, вкупните буџетски приходи изнесуваа 42,7 милијарди денари. Тоа значи дека приходите во Буџетот за 2000 година беа повисоки од соодветните приходи во 1998 година за 20,3 милијарди денари, или за 47,8%.

Во структурата на даночните приходи, највисоки приходи во износ од 17.450 милиони денари, или 29% од вкупните приливи во буџетот за 2000 се реализирани од ДДВ и данок на промет, Приходите од акцизи изнесуваа 12.281 милиони денари (односно 20,4% од вкупните приходи),

Најважно е што ова е остварено без никакво зголемување на даночните стапки, туку пред се преку подобрена наплата на даноците и тоа пред се од субјектите кои во минатото не плаќаа, или им беше допуштено да не плаќаат даноци, за сметка на сите други кои чесно ги исполнуваа сопствените обврски кон државата.

Вкупните буџетски расходи во 2000 година достигнаа 57.691 милиони денари, што е во границите на предвидените трошоци согласно ребалансот на Буџетот. Најмногу се зголемени најпродуктивните расходи - за инвестиции, кои достигнаа 4.641 милиони денари, што е за 2.234 милиони денари (или за 71,6 милиони ДЕМ) повеќе во однос на 1999 година, а за 2.505 милиони денари (80 милиони ДЕМ) над нивото од 1998 година. Учеството на овие расходи во буџетот достигна 8%, при што на среден рок се предвидува тие да достигнат 10%-12% од вкупните буџетски расходи.

Висока расходна ставка во буџетот за 2000 година претставуваа и трансферите, кои достигнаа 22.777 милиони денари. Тука спаѓаат трансферите за пензискиот фонд, социјалната заштита на најзагрозените слоеви на населението, Заводот за вработување, за детски додаток, за инвалиди и за девизните штедачи, и т.н. Тековните трошоци за плати и материјални расходи во 2000 година се движеа во рамки на планираните големини. Вкупниот износ на исплатени плати и надоместоци на вработените кај буџетските корисници во 2000 година изнесуваше 16.286 милиони денари, што претставува 30% од вкупните буџетски трошоци. Истовремено, трошоците за стоки и услуги изнесуваа 6.291 милиони денари, односно 10,9% од вкупните расходи на буџетот за 2000 година.

Салдото на Буџетот за 2000 година е позитивно и изнесува 5.402 милиони денари. Посебно задоволство ми е што можам да соопштам дека високиот буџетски суфицит кој за првпат во десетгодишната самостојна историја на Република Македонија е остварен во 2000 година во таков обем, е искористен на најдобар можен начин - како основа за намалување на даноците во 2001 година. Тоа секако е постигнување што и припаѓа не само на Владата на Република Македонија, туку и на сите граѓани на оваа земја.

Штедењето на државата и одржувањето на високо буџетско салдо кај Централната банка овозможи монетарната политика во 2000 да биде релаксирана, со посебен акцент на пораст на кредитите на банките одобрени на стопанските субјекти. Така, економскиот раст во минатата година беше директно потпомогнат со високиот пораст на кредите на банките од над 6,5 милијарди денари (преку 220 милиони ДЕМ), што е за 2 до 3 пати поголема кредитна активност во однос на претходните години. Подобрената супервизорска регулатива и постриктната примена на супервизорските стандарди овозможија поголем дел од овие средства да бидат одобрени на солидни претпријатија, класифицирани во помалку ризичните категории.

Кон штедењето на државата се надоврза и зголеменото штедење на приватниот сектор, кое е резултат на зголемената доверба во институциите на системот, за што клучни беа следните мерки на економската политика:

1) Формирање на државен Фонд за осигурување на депозити; 2) Конверзија на старите замрзнати девизни штедни влогови во обврзници и започнување со редовна исплата на штедачите; 3) Донесување на нов, модерен закон за банки кој ја зајакнува банкарската супервизија; и 4) Продажба на неколку претпријатија на странски инвеститори, при што акционерите добија значајни износи на средства.

Како резултат на сите овие активности, во 2000 година вкупните депозити на населението и претпријатијата во банкарскиот систем се зголемија за 4.660 милиони денари (или за 150 милиони ДЕМ.), односно за 25,3%. Во однос на 1998 година, штедењето кај банките е зголемено за 8.786 милиони денари (или за 282 милиони ДЕМ.), односно за 61,5%. Овој исклучително поволен тренд ќе продолжи и во 2001 година, кога се предвидува натамошен пораст на депозитите кај банките за 4.306 милиони денари (138 милиони ДЕМ.) или за 18,7%.

Зголемувањето на штедењето во банките е клучот за намалување на каматните стапки, а тоа е предуслов за

намалување на трошоците на претпријатијата. Државата активно го помогна тој процес и преку отвореноста за влез на странски капитал во банкарскиот систем и подобрувањето на законската регулатива при спроведувањето на судската постапка за финансиските спорови. Врз тие основи, по долгогодишното искуство на непродуктивна и ригидна каматна политика на банките, при крајот на 2000 конечно дојде до позитивни движења во правец на намалување на каматните стапки на банкарските кредити. Тие сега се движат од 11% годишно за најдобрите клиенти, до 20% годишно за недисциплинираните кредитокорисници. Каматните стапки на пазарот на пари во 2000 се спуштија на околу 7% годишно.

Заедно со преземените мерки во даночната политика, создавањето системски услови за пазарно намалување на каматните стапки е најдобриот придонес што една Влада може да го даде за развојот на приватниот сектор и за отворање на нови работни места. Ние тоа го направивме, но нема тука да застанеме. Постои уште простор за намалување на даночното и каматното оптоварување на фирмите и граѓаните и ние сме должни тоа да им го обезбедиме.

За таа цел, уште во 2000 година започнавме со заокружувањето на законската регулатива од даночната и финансиската сфера, а пакет од 15-на закони од овие области е деновиве во Собраниска процедура. Со Измените на Законот за персонален данок на доход, освен што се предлага намалување на стапките на оданочување, предвидени се и многу други стимулативни решенија за оние кои прв пат почнуваат со земјоделска дејност или со вршење на самостојна дејност, за приходите од капитални добивки од хартии од вредност, се ослободуваат од плаќање данок приходите од камати на орочени штедни влогови и на издадените државни обврзници што директно е во функција на зголемување на штедењето, и т.н.

Во даночната сфера се изготвени и повеќе други нови закони, или измени на постоечки закони: Измените на Законот за ДДВ овозможуваат да се операционализира решението за плаќање на данок по повластена стапка од 5% наместо досегашните 19% за земјоделскиот и медицинскиот потрошен материјал и за средствата за заштита на растенија. Со новиот Закон за акцизи се хармонизира регулативата во оваа област со стандардите на Европската Унија, а со Измените на Законот за акцизи се укинува акцизата на кафето. Со Измените на Законот за данок на добивка се даваат нови стимулативни решенија за домашните и странските инвеститори, за фирмите кои ќе котираат на официјалниот пазар на македонската берза, за тековните инвестиции во опрема и т.н. Намалувањето на трошоците на работење на претпријатијата ќе се постигне не само преку намалувањето на даноците и каматните стапки, туку и преку новите решенија во Измените на Законот за царинска тарифа, за кои претходно претседателот на Владата информираше. Се намалуваат многу царински стапки за репроматеријали и суровини како и за готови производи кои не се произведуваат или се произведуваат во многу мали количини во Република Македонија.

Регулативата во даночната сфера ќе се заокружи и со нов Закон за регистрирање на готовинските плаќања со кој се предвидува воведување на фискални машини за регистрација на готовинскиот платен промет. Ова ќе придонесе за изедначување на условите на работење на даночните обврзници и претставува силен инструмент во борбата против сивата економија. Со новиот Закон за утврдување и наплата на јавните приходи на модерен и ефикасен начин се уредува организацијата работењето на Управата за јавни приходи.

Покрај новиот Закон за банки со кој регулативата во оваа област е усогласена со Европските стандарди и создадени се услови за поконкурентно и поефикасно работење на банките, во текот на 2000 година е изготвен и нов Закон за девизно работење, кој е во прва фаза во Собраниска процедура. Основна цел на овој закон е внесување на повисок степен на либерализација во девизното работење во Република Македонија, односно стимулирање на протокот на капитал во форма на директни и портфолио инвестиции, девизно кредитирање и држење на средствата на претпријатијата на девизни сметки кај домашните банки, намалено администрирање при вршењето на кредитни работи со странство, дерегулација на девизниот пазар, внесување на операции и со финансиските деривати, и т.н.

Законската рамка за една од најзначајните најкомплкексни реформи - реформата на платниот промет, се поставени со Законот за платен промети законот за трансформација на ЗПП. Со реформата на платниот промет во Република Македонија, која ќе значи негово

извршување од страна на банките, платниот систем ќе стане компатибилен со европските стандарди, ќе се внесе конкуренција во извршувањето на операциите на платен промет, ќе се подобри управувањето со ликвидноста од страна на банките, и т.н.

Развојот на пазарот на долгорочни хартии од вредност е поттикнат со донесувањето на нов Закон за хартии од вредност со кој се изврши целосна дематеријализација на вредносните хартии, регулирано е формирањето и работењето на Централниот Депозитар за хартии од вредност, а зајакната е и контролната функција на Комисијата за хартии од вредност. Воедно, во 2000 година е донесен Закон за инвестициони фондови, кој се очекува да придонесе за развој на пазарот на капитал и за зголемување на интересот на домашните и странските инвеститори. Донесени се и значајни измени на Законот за осигурување со кои оваа регулатива се усогласува со Директивите на Европската Унија, се врши либерализација на осигурителниот пазар во земјата, како и зајакнување на надзорот кој го врши Министерството за Финансии врз осигурителните компании.

Преземените мерки во одделни сфери веќе ги дадоа и почетните резултати, кои се импресивни. Прометот на берзата, која во сите земји претставува барометар за економската активност и за фазата во економскиот циклус во кој се наоѓа земјата, во 2000 година е за пет пати поголем во однос на претходната година, односно еднаков на збирниот промет од претходните четири години. Учеството на странските инвеститори во прометот на берзата во 2000 изнесува 180 милиони ДЕМ., што е за 90 пати повеќе во однос на 1999 година.

Единствена светла точка во економијата која ја наследивме во 1998 година беше ценовната стабилност - која и денес ја имаме, дури и по ексцесивниот шок од порастот на цената на нафтата во 2000 година. Стапката на инфлација мерена преку меѓународно прифатениот индекс на трошоци на живот изнесуваше 5,8%, со што Република Македонија останува меѓу најуспешните земји во транзиција според ценовната стабилност.

Долгогодишната рецесија во која се наоѓаше македонската економија, креираше екстремно висока невработеност, која за жал, сеуште е на превисоко ниво, иако и тука има извесни подобрувања. Стапката на невработеност од 34,5% која ја наследивме во 1998 година, во 2000 година е намалена на 32,1%. Вработеноста која во 1997 и 1998 година се намали за вкупно 9%, во последниве две години е зголемена за 1,0%. Секако, далеку сме од задоволство од резултатите во оваа сфера.

Македонските граѓани со право очекуваат добрите економски резултати да ги почувствуваат најдиректно преку нови вработувања. Остварувањето на нашата економска програма која предвидува драстично редуцирање на персоналниот данок на доход и намалување на каматите, ќе овозможи во 2001 и во идните години отворање на многу нови фабрики и генерирање на нови работни места. Владата и натаму мора да работи многу напорно и да биде истрајна во ублажувањето на овој најтежок проблем за многу македонски граѓани. Ниеден економски резултат нема да биде вреден ако на нашите граѓани не им обезбедиме вработување и подобар животен стандард.

Платнобилансните резултати во 2000 останаа неповолни, како и во сите претходни 10 години. Високиот трговски дефицит од преку 600 милиони долари високиот тековен дефицит, кои во 2000 беа дополнително зголемени заради високиот увоз на производи пред воведувањето на ДДВ, се секако загрижувачки податоци. Добро е што одговорното водење на фискалната политика преку одржување на позитивно буџетско салдо не придонесе за влошување на состојбите во платниот биланс во 2000 година. Сметаме дека мерките на Владата од даночната и царинската политика, кои ќе овозможат да дојде до поефтинување на производството и зголемување на конкурентната способност на македонските претпријатија, се вистинското решение на овој долгогодишен структурен проблем на Република Македонија.

Финансирањето на дефицитот во размената со странство во 2000 беше поквалитетно од порано, заради повисокото учество на прилив на капитал во форма на странски директни инвестиции наместо кредити. Така, вкупните странски директни инвестиции во 2000 година достигнаа највисок износ во изминатиов десетгодишен период - над 130 милиони долари, или околу 3,5% од БДП. Тоа е највисок прилив на странски директни инвестиции во десетгодишниот транзиционен период на Република Македонија.

Наспроти неповолните состојби во платниот биланс, движењата на девизните резерви и на надворешниот долг во 2000 беа поволни. Девизните резерви кои се пресудни за екстерната ликвидност на

земјата и за одржливост на платнобилансната позиција и девизниот курс, во 1998 година изнесуваа 334 милиони долари. Во текот на последниве две години, ние успеавме да ги зголемиме за уште толку, односно за над 100%. Со состојба на 31.12.2000 година, девизните резерви на Република Македонија достигнаа 709 милиони долари. Заедно со девизните средства кај деловните банки, тие го сочинуваат вкупниот девизен потенцијал на Република Македонија, кој на крајот од 2000 година достигна речиси 1,2 милијарди долари. Тоа е најсигурен доказ дека и во 2001, како и во следните неколку години, стабилноста на девизниот курс и ликвидноста во сервисирањето на екстерните обврски ќе бидат одржани. Надворешниот долг на Република Македонија по среднорочни и долгорочни кредити на 30.09.2000 година изнесуваше 1.400 милиони долари, или околу 45% од БДП. Тоа е за 38,5 милиони долари помал долг во однос на крајот од 1999 година, а на идентично ниво со крајот на 1998 година. Во првите девет месеци од 2000 (последен расположлив податок) отплатени се кредити кон странство во износ од 122 милиони долари, а повлечени се кредитни средства во износ од 107 милиони долари.

Политиката на селективно задолжување претставува дел од Стратегијата на Владата на Република Македонија за управување со долгот на државата. Грешките од минатото во оваа област, кога привидно се подобруваше стандардот на населението на товар на идните генерации, не смеат да се повторуваат. Тоа е наша обврска и обврска на сите идни Влади не само кон оваа генерација, туку и кон сите идни генерации на македонски граѓани. Како резултат на успешните резултати на макроекономски план и спроведувањето на структурните реформи во секторот на претпријатијата, Република Македонија на крајот од 2000 година склучи тригодишни финансиски аранжмани со ММФ и со Светската банка. Овие аранжмани не само што ќе значат финансиска поддршка за натамошна реализација на реформите и задржување на макроекономската стабилност, туку и ќе испратат силен сигнал до меѓународните инвеститори за добрите перспективи на македонската економија. Во тој контекст, многу значајно е и парафирањето на спогодбата за Стабилизација и Асоцијација со Европската Унија, која ќе биде потпишана во 2001 година. Таа јасно го дефинира патот на интеграција на Република Македонија во Европската Унија, што е од суштинско економско и политичко значење за иднината на нашата земја.

Како и секоја Влада, ние имаме задача да работиме на краток рок, а да размислуваме за долгорочните последици од нашите одлуки.

Економските проблеми кои постојат во Република Македонија се реалност, тие се длабоки, структурни проблеми на економијата. Ние согледавме дека треба да се решат многу поврзани проблеми, дека треба да се започне со длабоки реформи, дека еднократни палијативни решенија не се доволни.

Заради тоа, ние спроведуваме долгорочна програма на реформи која од Македонија ќе создаде модерна брзо растечка економија, која ќе создава нови работни места и развој. Чекорите за да стигнеме до таа цел ни се јасни:

1. Знаеме дека долгорочно мора да го намалиме нивото на јавната потрошувачка, за да создадеме поголем простор за развој на приватниот сектор. Тоа не е лесно. Но, ние мора да постигнеме кохезија меѓу економската сила на државата и нејзината потрошувачка. Според предложениот буџет на централната државна власт и буџетите на фондовите и локалната власт, учеството на јавната потрошувачка во БДП за 2001 година ќе изнесува околу 35%, што е блиску до оптималното ниво за сегашниот степен на развој на македонската економија;

2. Знаеме дека треба да ја промениме структурата на буџетот. Основните слабости на буџетската структура се следните:

- Високо учество на тековните трошоци, трансферите и трошоците за отплати на Главници и камати по кредити, кои заедно изнесуваат над 80% од вкупните буџетски трошоци. Посебно е високо учеството на трошоците за плати, кое достигнува речиси 1/3 од вкупните буџетски расходи. Во современите економии и во понапредните земји во транзиција, овие трошоци не надминуваат 20%-22% од вкупните буџетските трошоци и тоа е нашата цел на среден рок;
- Високо оптоварување на платите на вработените со даноци и придонеси, што ја прави работната сила поскапа и значајно ги зголемува трошоците на претпријатијата;

- Неинтегрираност во буџетот на таканаречените сопствени приходи на јавните институции, кои во еден дел претставуваат класични буџетски приходи и треба да ја следат истата буџетска процедура на планирање и усвојување од страна на Собранието на Република Македонија. Исто така и приходите на јавните институции од самофинансирачки дејности и од донации и кредити, од оваа година ќе ја поминуваат буџетската процедура на планирање и презентирање пред Собранието, која обезбедува поголема транспарентност и одговорност во трошењето на овие средства;

3. Знаеме дека даноците треба да бидат намалени - затоа што македонските претпријатија и граѓаните заслужуваат да им се овозможи поголем дел од приходот да го сочуваат за себе, а помал дел да префрлат во буџетот за задоволување на јавните потреби. Тоа е начин да се подобри животниот стандард и да се зголеми расположливиот доход на претпријатијата и населението. А токму суфицитот кој го оствариме во 2000 година ни создаде подлога за успешен разговор со меѓународните финансиски институции и испрати јасен сигнал дека оваа Влада води здрава фискална политика и дека и со намалени даноци ќе се оствари определбата за одржување на врамнотежен буџет.

## КАКОВ БУЏЕТ ВИ НУДИМЕ ЗА 2001 ГОДИНА

Буџетот за 2001 година, како клучен инструмент на макроекономската политика, произлегува и ќе биде насочен кон остварување на основните макроекономски цели за оваа година: реализација на амбициозен економски раст од 6% и задржување на стапката на инфлација на високо ниво од околу 2,2 %.

Фискалната стратегија во 2001 година ќе биде насочена кон остварување на врамнотежено салдо на Буџетот, односно изедначеност на приходите и расходите, што е ориентација во фискалната стратегија на Владата на Република Македонија и на среден рок, односно во следните три години. На тој начин, државата преку одговорно однесување кое подразбира трошење на средствата во рамки на прибраниот износ на средства, најдобро ќе придонесе за задржување на ценовната и макроекономската стабилност. Тоа е најдобар амбиент за планирање на инвестициите од страна на стопанските субјекти и населението и за остварување на развојните цели во идниот период.

Буџетот на Република Македонија за 2001 година има три основни карактеристики:

1. Развојна димензија изразена на двоен начин:

- на приходната страна - преку намалувањето на стапката на персонален данок на доход и префрлање на одредени категории на стоки и услуги од повисоката во пониската стапка на ДДВ.

Во 1998 година, посакувавме да дојде овој ден и правевме планови како тоа да се случи. Во 1999, ветивме дека ќе спроведуваме политика која ќе ни овозможи да пристапиме кон намалување на даночното оптоварување на граѓаните. Денес сме горди што можеме да кажеме дека го исполнивме ова ветување кое си го дадовме и себеси и Вам. Така ќе работиме и во иднина, затоа што македонските граѓани заслужуваат да располагаат со поголем дел од парите кои ги заработуваат.

Со намалувањето на даноците директно се помага работењето на претпријатијата и се поевтинуваат земјоделските заштитни средства и потрошниот материјал за земјоделството и за медицински потреби. Доколку фискалната и макроекономската политика во првата половина од 2001 година се реализираат во предвидените рамки, во втората половина од годината ќе бидат преземени и нови мерки на даночната политика со кои ќе се олесни работењето на претпријатијата и даночното оптоварување на населението;

- на расходната страна, развојната димензија на Буџетот за 2001 е претставена преку зголемувањето на капиталните расходи за инвестиции во инфраструктурни проекти;

2. Реформска димензија на Буџетот за 2001 е изразена во предвидените трошоци за спроведување на реформите во стопанството и во јавната администрација, кои зависно од реалните трошоци за реализација на реформите во текот на годината, ќе бидат прилагодени за потребниот износ. Имено, износот на средства за реформи може да биде зголемен во текот на годината, доколку проценетиот износ е помал од оној кој ќе биде потребно да се оствари за спроведување на предвидените реформски активности.

Истовремено, реформска компонента на предложениот буџет за 2001 година претставува и предвиденото намалување на масата на плати и соодветно на тоа, намалување на учеството на платите во структурата на буџетот. Како и во сите други сектори, и во јавниот сектор Владата пристапи кон сериозни реформи, кои неминовно подразбираат и намалување на бројот на вработени во јавната администрација. Товарот на реформите мора да биде распределен на сите слоеви, а државната администрација не смее да претставува претежок товар за стопанството. Владата има обврска да го направи она што е најдобро за економијата, но има и визија како тоа да го реализира на начин кој ќе предизвика најмали социјални тензии.

Стратегијата и приоритетниот редослед на мерки е следниот:

1) 1.300 лица од јавниот сектор секоја година одат во редовна пензија, што значи и во 2001 година по таа основа ќе се оствари соодветно редуцирање; 2) спогодбено раскинување на работниот однос со исплата на 24 плати; 3) предвремено пензионирање на вработените кои имаат помалку од 5 години до редовна пензија; 4) приватизација на несуштинските активности и намалување на бројот на вработени кои на тој начин ќе преjдат во приватниот сектор и 5) последна мерка која ќе се примени, доколку претходните не ги обезбедат очекуваните ефекти, е прогласување на технолошки вишок на непродуктивните работници.

Социјална димензија која е изразена во предвидениот висок износ на трошоци за надоместоци за невработените и за социјално загрозените слоеви на населението. Воедно, како и во 2000 година и во 2001 година, со Ребалансот на Буџетот ќе бидат предвидени средства во износ од над 1 милијарда денари за програмата на Владата за намалување на сиромаштијата, наменети за најсиромашните слоеви од населението која ќе биде предложена на како што реков со ребалансот на буџетот.

НАМАЛУВАЊЕТО НА ДАНОЦИТЕ Е СИЛЕН ИМПУЛС ЗА ЕКОНОМИЈАТА

Вкупните приливи на средства во Буџетот на Република Македонија за 2001 година ќе изнесуваат 60.981 милиони денари, што е за 19,6% повеќе од усвоениот буџет за 2000 година, односно за 5,9% помалку од приходите предвидени со ребалансот на буџетот за минатата година. Во однос на остварените буџетски приходи за 2000 година, предлог - буџетот за 2001 година е помал за 3,3%.

Притоа, даночните приходи е предвидено да изнесуваат 49.718 милиони денари (81,5% од вкупните приливи на средства), неданочните приходи ќе достигаат 4.204 милиони денари (или 6,9%), приливите од донации се проектирани на износ од 1.144 милиони денари (1,9%) и кредитните средства ќе изнесуваат 5.915 милиони денари (или 9,7% од вкупно расположливите средства во Буџетот за 2001 година).

Намалувањето на стапките на оданочување на персоналниот данок на доход ќе придонесе за намалување на трошоците и за зголемување на профитабилноста на претпријатијата, за отворање на нови работни места и за поредовно пријавување на вработените од страна на работодавачите, како и за поголем интерес на странските инвеститори за вложувања во Република Македонија. Со примена на новите стапки од 15% и 18%, кои се меѓу најниските во Европа, предвидено е од наплата на овој данок во Буџетот за 2001 година да се соберат вкупно 7.789 милиони денари, или 12,8% од вкупните средства со кои ќе располага Буџетот.

Тоа значи дека со намалувањето на стапките на персонален данок на доход, во 2001 година македонските претпријатија ќе заштедат околу 4 милијарди денари, или околу 130 милиони ДЕМ. Тие пари ќе можат да се вложат за нови инвестиции, за нови работни места, за реализација на нови претприемачки идеи. Тоа е иднината на Република Македонија.

Во Буџетот за 2001 година, предвидено е приходите од ДДВ да изнесуваат 18.254 милиони денари, што претставува 29,9% од вкупните средства во Буџетот.

Приходите од акцизи во 2001 година ќе изнесуваат 12.994 милиони денари, односно 21,3% од вкупните буџетски приливи.

Согласно предвидувањата, од данок на добивка во 2001 година ќе бидат наплатени вкупно 3.026 милиони денари, или 5% од вкупните средства во буџетот.

Приходите од царини во 2001 е предвидено да остварат благо намалување во однос на претходните години, кое ќе произлезе од снижувањето на царинските

стапки за стоките, суровините и репроматеријалите кои не се произведуваат во Македонија или се произведуваат во многу мали количини. Тоа е направено со цел да поефтинат влезните трошоци за производството на македонските претпријатија или да се намали крајната цена на увезените производи која ја плаќаат потрошувачите. Од царини во 2001 година се очекува да бидат собрани 7.595 милиони денари, односно 12,5% од вкупните расположливи средства во Буџетот за оваа година.

Неданочните приходи претставуваат приливи во Буџетот кои произлегуваат од продажба на државен капитал, профит од работењето на Централната банка како  и од јавните претпријатија, како и од парични казни, судски и административни такси и други надоместоци. Вкупните неданочни приходи во 2001 се проценува дека ќе достигаат 4.204 милиони денари, или 6,9% од вкупните приходи на Буџетот за оваа година.

Покрај даночните и неданочните приходи, приливите на Централниот Буџет ги сочинуваат и подароците (донациите) во форма на пари, стоки и услуги, како и средствата добиени во форма на кредити (со обврска за враќање) од домашни и странски банки, меѓународни финансиски институции и Влади на други држави. Во 2001 година извесно е дека Република Македонија ќе добие неповратна помош во вид на донации од Европската Унија, Холандија и други земји во износ од 1.144 милиони денари. Воедно, ќе пристигнат и кредитни средства во износ од 5.915 милиони денари, кои се однесуваат на повлекување на транши по договорените аранжмани со Светска банка (ФЕСАЛ аранжманот за реформи на претпријатијата и финансискиот систем и ПСАЛ аранжманот за реформи на јавната администрација и од Европската Унија.

## НАМАЛУВАЊЕ НА СИРОМАШТИЈАТА И НОВИ МЕРКИ НА ДАНОЧНАТА ПОЛИТИКА

Предвидено е за извршување на функциите на државата, односно за обезбедување на стоките и услугите кои се од јавен интерес за населението и претпријатијата во 2001 да бидат употребени средства во износ од 60.981 милиони денари.

Од тој износ, 4,7 милијарди денари се предвидени за таканаречени недефинирани мерки. Дозволете ми добро да ја објаснам нашата стратегија за овие мерки, затоа што е многу значајна и побудува голем интерес во јавноста.

Министрите за Финансии вообичаено немаат среќа нивната иднина да биде извесна и без изненадувања. Напротив, настаните во светската и домашната економија често излегуваат поинакви од она што се предвидува, или очекува. Од друга страна, Министерот за Финансии има обврска пред граѓаните да биде одговорен и да опстојува на своите ветувања.

Од тие причини, буџетската политика за 2001 мора да биде поставена на внимателен и одговорен начин. Драстичното намалување на даноците со кое ја започнуваме годината е многу корисно и потребно, но истовремено тоа бара од сите нас и максимална сериозност во наплатата на даноците и голема претпазливост во трошењето на средства. Ние не смееме да се обврземе на трошење на средства кои сеуште не се извесни дека ќе ги имаме во буџетската каса. Ние мора прво да го оствариме она што сме го ветиле и кое знаеме дека можеме да го оствариме, а потоа да преземаме нови мерки и да ветуваме нови мерки на економската политика.

Ние нема да преземаме мерки кои можат да предизвикаат создавање на буџетски дефицити и зголемување на долгот на Република Македонија. Времето на недоговорно трошење на средствата на граѓаните е зад нас. Затоа, износот од 4,7 милијарди кој е предвиден за нови, засега неидентификувани мерки ќе биде искористен во втората половина од оваа година, но условно, доколку буџетската и макроекономската политика во првата половина од годината се реализираат согласно проекцијата.

Тие средства ќе бидат наменети за две групи на мерки:

1. За програмата за намалување на сиромаштијата; и
2. За нови мерки во даночната политика, како што е евентуално намалување на акцизите на нафтата и сл.

Конкретизирањето на мерките и износот на средства кои ќе бидат алоцирани за нивна реализација во овој момент би било нереално и неодговорно. Тоа ќе го направиме во иста ваква транспарентна процедура кон средината на оваа година, кога јас ќе му презентирам на Собранието ребаланс со предлог на мерки, како и за нови инвестициони проекти кои ќе бидат

финансирани со средствата од приватизација на Телеком.

Со сета одговорност на својата функција и со мојата лична одговорност, ве уверувам дека нема да дозволам ниту еден единствен денар од оваа позиција да биде потрошен за било каква друга намена, освен за намените кои го презентирав пред Вас и пред македонската јавност.

Покрај овој износ, од вкупните буџетски расходи треба да се издвои и депозитот кој државата ќе го трансферира кај Народна банка на Република Македонија во износ од 2,7 милијарди денари. Овој депозит има двојна намена: 1) ќе создаде основа за нов пораст на кредитите на банките за 2001 година за околу 5.420 милиони денари (174 милиони ДБМ); и 2) ќе овозможи да се реализира предвидениот пораст на девизните резерви од 75 милиони долари, без притоа да бидат ангажирани средства од примарната емисија, кои ќе се искористат за подобрување на ликвидноста на банките и економијата во целина.

## КАКО ЌЕ СЕ ТРОШАТ БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА ВО 2001

Најзначајни расходни категории, односно најзначајни функции на државата за чие финансирање ќе се користат буџетските средства во 2001 година се:

- Образование и наука. За финансирање на дејностите и програмите од областа на образованието и науката, каде што спаѓа одржувањето и реконструкцијата на училишните објекти, подобрување на ученичкиот и студентскиот стандард, научноистражувачка дејност и слично, во 2001 година се предвидени 7,9 милијарди денари, или 14,1% од вкупните расходи (без неидентификуваните мерки и депозитот на стабилизационата сметка во Централната банка.
- Јавен ред, безбедност и одбрана. За извршување на овие функции на државата кои се заеднички интерес за сите граѓани на Република Македонија, во 2001 година предвидено е да се потрошат 7.365 милиони денари, или 13,75% од расходите на Буџетот;
- Невработени и социјална заштита. Преку буџетски трансфери за невработените и за социјално загрозените лица, државата ја остварува својата социјална функција, која е посебно значајна во периодот на транзиција кој дополнително ги продлабочи социјалните проблеми и невработеноста. За да се ублажи проблемот на луѓето кои остануваат без работа при спроведувањето на реформите и на социјално загрозените слоеви на населението, од Буџетот за 2001 година ќе се потрошат 9.170 милиони денари, или 16,8% од вкупните расходи.
- Земјоделство. За развој на земјоделството и за програми во земјоделството во 2001 година се предвидени 851 милиони денари, или 1,6% од расходите во Буџетот. Од Буџетот се финансира издавачката, библиотекарската, филмската, уметничката, ликовната и музејската дејност, заштитата на спомениците на културата, културно-уметничките манифестации, младите таленти од областа на културата, врвниот спорт, одржувањето и реконструкцијата на културните и одредени спортски објекти, и т.н. За овие намени во Буџетот за 2001 година се предвидени трошоци во износ од 1.310 милиони денари, односно 2,4% од вкупните буџетски трошоци.

## ПОВЕЌЕ СРЕДСТВА ЗА ИНВЕСТИЦИИ И РАЗВОЈ

- Капиталните расходи за инвестиции најдиректно го помагаат економскиот раст и вработеноста, бидејќи тука спаѓа финансирањето на изградбата на патишта, болници, енергетски објекти, системи за водоснабдување и наводнување и други инфраструктурни проекти од јавен интерес. За оваа намена, во Буџетот за 2001 година се предвидени 7.445 милиони денари, или 13,9% од вкупните расходи. Тоа е речиси за 35% повисок износ во однос на претходната година, а повеќе од три пати поголем износ на капитални расходи во однос на 1998 година. Прогресивното зголемување на инвестиционите расходи, кои значајно ќе придонесат за остварување на амбициозниот економски раст од 6% годишно, е ориентација на Владата и за следните три години.

## ОДГОВОРНОСТ КОН ПЕНЗИОНЕРИТЕ

- Трансферите од Буџетот за Фондот за Пензиско и инвалидско осигурување ги дополнуваат редовните приходи на Фондот

кои произлегуваат од наплатата на придонесите за пензиско осигурување.

Во 2001 година од државниот Буџет во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување се предвидуваат да се пренесат 5.360 милиони денари, што претставува 10,1% од вкупните расходи на Буџетот. Во однос на претходната година, овие трансфери се поголеми за 1,1 милијарда денари, што се должи на преземенатa обврска за редовна исплата на претходно неисплаќаните 8% на пензионерите.

НАВРЕМЕНА И РЕДОВНА ОТПЛАТА НА КРЕДИТНИТЕ ОБВРСКИ

•Редовната и навремена отплата на обврските по кредити ја покажува одговорноста на државата во исполнувањето на сопствените обврски, од што директно зависи кредитниот рејтинг и интересот на странските и домашните инвеститори за финансирање на нови проекти.

За отплати на главници и камати по претходно земени кредити од страна на државата, во 2001 година ќе бидат потрошени 7.190 милиони денари, или 13,4% од вкупните буџетски расходи. Високото учество на овие расходи укажува на потребата од внимателна и одговорна стратегија на идно задолжување и ја потврдува оправданоста на предвремената отплата на дел од долговите со приливите од продажбата на државниот капитал (од Македонски телекомуникации и слично).

РЕФОРМИТЕ ВО 2001 ЌЕ ПРОДОЛЖАТ СО ПОИНТЕНЗИВНА ДИНАМИКА

•Реформскиот елемент на Буџетот за 2001 година е изразен во предвидената позиција за трошоци за реализација на двете клучни реформи - во стопанството и во јавниот сектор. За спроведувањето на овие реформи, односно за исплати на плати, отпремнини, пензии, придонеси и слични надоместоци за луѓето кои ќе останат без работа или ќе бидат предвремено пензионирани, како последица на спроведувањето на реформите, во Буџетот за 2001 година е предвидено да се потрошат 1.815 милиони денари, односно 3,4% од вкупните буџетски трошоци.

ВКУПНА ЈАВНА ПОТРОШУВАЧКА

Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, Фондот за здравство и Заводот за вработување, кои се финансираат од придонесите за пензии, здравство и вработување што се плаќаат на платите на вработените, добиваат и одредени средства во вид на трансфери од централниот Буџет, со цел да можат да обезбедат ефикасно и навремено извршување на услугите од нивниот домен на работење. Изворните приходи во Буџетот на Фондот за Пензиско и инвалидско осигурување за 2001 година изнесуваат 17,7 милијарди денари, Фондот за здравство ќе располага со 8,1 милијарди денари, а Заводот за вработување со 1,1 милијарди денари.

Останатите Фондови (Фонд за патишта, Фонд за животна средина, Фонд за води) се финансираат исто така комбинирано - од Буџетот и од надоместоци. Обемот на изворни приходи за овие Фондови во 2001 година изнесува респективно: 1,2 милијарди денари, 0,04 милијарди денари и 05 милијарди денари.

Единиците за локална власт прибираат средства врз основа на наплата на комунални такси, даноци од имот, надоместоци и сл. Нивните изворни приходи во 2001 година се проектирани на 0,84 милијарди денари.

Заедно со централниот државен Буџет, буџетите на фондовите и локалната власт го сочинуваат Буџетот на јавниот сектор. Вкупните изворни приходи во заедничкиот Буџет на сите овие институции во 2001 година ќе изнесуваат 83,5 милијарди денари. Според тоа, учеството на вкупната јавна потрошувачка во создадениот бруто домашен производ за 2001 година ќе се движи околу 35%.

ПОЧИТУВАН ПРЕТСЕДАТЕЛЕ, ПОЧИТУВАНИ ПРАТЕНИЦИ, ПОЧИТУВАНИ МИНИСТРИ,

Денес Владата на Република Македонија го изложи пред Вас својот предлог за Буџетот за 2001 година. Дозволете ми сега од одговорностите во сегашноста да се осврнам кон можностите за иднината.

Пред две години, ние зборувавме само за планови. Сега зборуваме за остварувања и за нови планови.

Сега зборуваме за инвестиции и стапки на раст од 6%, за домашно штедење на населението и државата, за одржување

на непроменето ниво на долгот, за пониски камати, за еднаквост и правичност за даноците и за нивно сериозно намалување.

Сега зборуваме отворено и транспарентно за нашата работа, а не за нереализирани идеи и ветувања.

Стартната основа за нашата иднина е сега многу подобра, а тоа ги прави нашите обврски кон граѓаните посериозни.

Сите нови идеи и планови треба да одговорат на едно клучно прашање: кои се активностите и опциите за избор кои ни стојат на располагање денес, за по 5, 10 или 15 години, Македонија да стане земја на можности?

Осврнувајќи се на сето ова, морам да кажам дека ни е потполно јасно дека треба да поминеме уште долг пат до подобрата иднина. Ние мора да останеме цврсто определени на избалансирана буџетска политика на среден рок, да создадеме модерен даночен систем кој ќе е благопријатен за стопанскиот развој, внимателно да ги селектираме инвестиционите приоритети, да ја зајакнеме социјалната политика, да го подигнеме квалитетот на јавните услуги и да создадеме услови за пристоен живот на македонските граѓани.

На крајот, сметам дека најважната дебата во нашата земја веќе не е меѓу левата и десната опција.

Најважната дебата е меѓу оние кои се задоволуваат со просекот -и оние кои веруваат и знаат дека можеме да бидеме многу подобри.

Тоа е дебата меѓу оние кои веруваат дека нашата иднина може да биде само бледа имитација на минатото - и оние кои знаат и веруваат дека најдобрите страници од нашата историја допрва ќе бидат напишани.

Тоа е борба меѓу оние кои веруваат дека Владата треба да стои отстрана и да не прави ништо - и оние кои знаат дека денес Владата треба да застане покрај своите граѓани повеќе од било кога досега.

Тоа најмногу им е потребно на многуте граѓани кои денес немаат работа или се плашат дека ќе ја загубат работата, или пак се плашат за својата иднина и за иднината на своите деца. Владата мора да зборува во име на оние свои граѓани чиј глас е потиснат низ многубројните промени. Владата мора на сите свои граѓани да им влее сигурност и верба во иднината.

Некои велат дека сме преамбициозни. Ние велиме дека нема амбиција која е преголема за оваа држава.

Ние веруваме дека најголемото природно богатство на нашата древна Македонија не е она што е закопано во нејзината земја, туку е во знаењето и способноста на оние кои газат по нејзината земја.

Затоа, да ги здружиме нашите знаења и сили.

Ако го направиме ова, мислам дека ќе бидеме успешни.

Ви благодарам што ме сослушавте во овој парламент. (Аплауз)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Никола Јованов бара деловничка интервенција.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Бидејќи се работи навистина за сериозен документ, како што е Буџетот на Република Македонија, имавме воведно излагање од премиерот и едно опширно излагање како што заслужува Буџетот од министерот за финансии, во името на пратеничката група предлагам да ги добиеме стенограмите за да можеме да направиме уште една анализа на она што Министерот за финансии го кажа и она што навистина е Предлог на Буџет.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Значи барате пауза да се добие стенограмот.

Верувам дека еден час ќе биде доволно.

Ќе звониме дополнително.

Добро, еден час пауза.

(По паузата претседателот само даде кратко соопштение).

Ги молам пратениците да влезат во салата да се договориме нешто.

Поделено е воведното излагање само на премиерот а информиран сум дека излагањето на министерот Никола Груевски е дадено на умножување. Тоа ќе потрае доста а ќе биде потребно и добро да се проучи за да можете Вие да учествувате во општата расправа, во претресот во начело кој сеуште не е почнат.

Затоа сега ќе ја прекинам седницата и ќе продолжиме со оваа точка, со оваа седница утре, после свечената седница. Тоа ќе биде некаде околу 13,30 или 14,00 часот.

Во 12 часот ја имаме свечената седница, значи, после неа.

Ја прекинувам седницата.

(Седницата прекина со работа во 18,45 часот).